Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02год.) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2007 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за финансирање на културно-уметнички манифестации и творештво

**I.ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- **Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Гевгелија за задоволување на потребите и интересите на граѓаните од обласста на културата;**
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Гевгелија
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Гевгелија;
- Презентирање и афирмирање на творци од обласста на културата.

**II.ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година.

**III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НАФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

| Ред. број | Проект/ програма | Активности | Предвидени средства (во денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | КУД "Негорци" Програма за 2007 | Регионална смотра Учество на меѓународни фестивали | 100.000,00 | |
| 2. | **КУД"Браќа Толеви"-Прдејци** Програма за 2007 | Мајски дружења Годишен концерт | 40.000,00 | |
| 3. | **КУД"Бојмија"** Програма за 2007 | Годишен концерт Учество на меѓународни фестивали | 100.000,00 | |
| 4. | **ФА "Гевгелија"** Програма за 2007 | Учество на фестивали | 60.000,00 | |
| 5. | **"Распеани Гевгеличани"** Програма за 2007 | Концерт по повод 35 годишнина | 90.000,00 | |
| 6. | **"Курсеви за млади таленти"** Група уметници | Хонорари за учители и материјални трошоци | 100.000,00 | |
| 7. | **НВО ТЕРА "Прочка"** | Награди за најдобра маска | 20.000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **НВО ТЕРА "Смоквијада"** | Фестивал на традиционално приготвување слатко и други производи | 100.000,00 | |
| 9. | **Даниела Цишева "Русалиски игри во Гевгелија и Гевгелиско"** (публикација) | Печатење на книга | 20.000,00 | |
| 10. | **"За Гевгелија со љубов"** | Поетско-музичка манифестација | 20.000,00 | |
| 11. | **"За тебе љубов моја"** | Поетско музичка манифестација | 20.000,00 | |
| 12. | **Игор Узунов** "Фестивал за млади таленти" | | 90.000,00 | |
| 13. | **Тони Аврамов** Документарен филм за Гевгелија | Снимање | 40.000,00 | |
| 14. | **Ристо Стамков** "Гевгелиско - Дојранско архијерејско намесништво" | Издавање на книга | 20.000,00 | |
| 15. | **Проект "Таленти"** НВО Внимание | -Музички и танчарски активности<br>-Детски фестифал | 65.000,00 | |
| **Вкупно:** | | | | **885.000,00** |

| Ред. бр | Манифестации подржувани со други форми на активности | Активности | Предвидени средства (во денари) | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на Општинскиот празник "7-ми Ноември" | - изложби<br>- концерти<br>- театарски претстави<br>- наградни конкурси | 115.000,00 | |

**Вкупно:** **1.000.000,00**

За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2007 година и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

### IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следниве:

- почесно покровителство на градот Гевгелија,
- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка -со кадри и опрема со која располага општината,
- обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации,
- организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа накултурата.
- Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

### V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

**За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр. 07-285/1
25.01.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02год.), член 22а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр. 29/02 и 66/04год.) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.01.2007 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија

Со оваа Програма се планираат активностите на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите.

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

1. Развој на масовниот спорт;
2. Организирање и поддржување на спортски приредби, натпревари и манифестации од традиционален карактер;
3. Поддржување на општинските спортски клубови;
4. Организирање, одвивање и збогатување на спортско- рекреативниот живот во општина Гевгелија, а особено спортско рекреативните активности на лица со посебни потреби.

**II. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година.

## III.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред.бр. | Спортски активности | Предвидени средства |
|---|---|---|
| 1. | Турнир во мал фудбал "Ј.Кусеников" | |
| 2. | Турнир во баскет "Гевгелија" | |
| 3. | Турнир во мал фудбал "Б. Делиманов" | |
| 4. | Турнир во мал фудбал ТИХО Миравци | |
| 5. | Турнир во мал фудбал- Богородица | |
| 6. | Турнир во мал фудбал- Негорци | |
| 7. | Водени лудории 2007 | |
| 8. | Манифестации по повод 7- Ноември | |
| | **Вкупно:** | **250.000,00** |
| | **Поддршка на спортски клубови** | |
| 9. | Општински фудбалски сојуз | 200.000,00 |
| 10. | ФК "Кожуф" | 850.000,00 |
| 11. | ФК "Кожуф јуниор" | 150.000,00 |
| 12. | ЖРК Гевгелија | 300.000,00 |
| 13. | КК "Кожув" | 500.000,00 |
| 14. | ФК "Миравци" | 250.000,00 |
| 15. | СД "Јовчо Кусеников" (ГАЛЕЈБ-АБ) | 100.000,00 |
| 16. | Планинарско друштво "Кожуф" | 50.000,00 |
| 17. | Македонска африканска експедиција "Килиманџаро 2007" | 50.000.00 |
| 18. | Сојуз на училишен спорт | 100.000,00 |
| 19. | Фан -фудбалска школа | 35.000,00 |
| 20. | Мото крос "Милци" (АМД Дичо Панов) | 100.000,00 |
| | **Вкупно:** | **2.685.000,00** |
| 21. | **Подршка на спортисти за учество на натпревари и турнири во и надвор од општината** | 165.000,00 |
| 22. | ЈП за стопанисување со спортски објекти | 900.000,00 |
| | **Вкупно:** | **4.000.000,00** |

За активностите од обласата на спортот кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2006 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградба на објекти за спорт е предвидено во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2006 година.

### IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства градоначалникот и Советот на општина Гевгелија спортските манифестации ќе ги поддржуваат и помагаат и со:
- покровителство,
- доделување награди, признанија и пригодни подароци.

### V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр. 07-284/1 Претседател
25.01.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2007 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија во 2006 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија во 2006 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-281/1 Претседател
25.01.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2007 година, по расправата по Информацијата за состојбата со изграденоста со станбени објекти и уреденоста на градежното земјиште во градот



**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со изграденоста со станбени објекти и уреденоста на градежното земјиште во градот Гевгелија и населените места.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-282/1 — Претседател
25.01.2007 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2007 година, по расправата по Информацијата за одржување и користење на јавниот простор за паркирање на возила во општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за одржување и користење на јавниот простор за паркирање на возила во општина Гевгелија со забелешка во иднина во таквите информации да се даваат поверодостојни податоци.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-283/1 — Претседател
25.01.2007 год. — на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 25.01.2007 година, по расправата по Предлог-Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Средствата од Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2007 година, да се доделуваат на корисниците на средствата доколку истите поднесат извештај за користењето на средствата од Програмата за 2006 година.

2.Со Кварталните извештаи за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година да се доставува и извештај за потрошените средства по Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок да се достави до корисниците на средствата на Програмата.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-284/2 — Претседател



## С О Д Р Ж И Н А

1.Програма за финансирање на културно-уметнички манифестации и творештво ........ 1

2.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија ........................................................................................................................ 3
3.Заклучок по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија ........................................................................................................ 5
4.Заклучок по Информацијата за состојбата со изграденоста со станбени објекти и уреденоста на градежното земјиште во градот Гевгелија и населените места ........................................................................................................................ 6
5.Заклучок по Информацијата за одржување и користење на јавниот простор за паркирање на возила во општина Гевгелија ............................................................... 6
6.Заклучок по Програмата за финансирање на спортски активности во општина Гевгелија за 2007 година .......................................................................... 6

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 год.) и член 79 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на партиципативно тело на општина Гевгелија од областа на урбанизам**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува формирањето на партиципативно тело на општина Гевгелија од областа на урбанизмот, надлежноста на телото, бројот, составот и начинот на работа и други прашања (Во натамошниот текст: Партиципативно тело).

**Член 2**

Партиципативното тело ги следи состојбите во планирањето на просторот и дава иницијативи, насоки и сугестии во процесот на изготвување на плански решенија за општината.

Партиципативното тело ги пренесува ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање.

**Член 3**

Партиципативното тело се состои од 5 члена.

Партиципативното тело има претседател кој се избира од редот на членовите на телото.

**Член 4**

Членовите на партиципативното тело ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлогот за членовите на партиципативното тело го утврдува и предлага на Советот на општината по добивањето на предлози од субјектите наведени во членот 79 од Статутот на општината, освен членот од редовите на членовите на Советот на општината.

Партиципативното тело работи на седници.

**Член 5**

Начинот на работа на Партиципативно тело е уредено со Статутот на општина Гевгелија.

За прашањата кои не се уредени со Статутот на општината може да се применуваат одредбите од Деловникот на Советот на општината за работа на Комисиите на Советот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-619/1
26.02.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 34 од Законот за ментално здравје ("Службен весник на РМ" бр.71/06 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање Комисија за лица со нарушено ментално здравје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува формирањето на Комисија за лица со нарушено ментално здравје, надлежноста на Комисијата, бројот, составот и начинот на работа и други прашања (Во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 2**

Комисијата се формира за остварување на правата што се од интерес на лицата со ментална болест утврдени со закон.

**Член 3**

За остварување на правата на лицата со ментална болест Комисијата ќе ги врши следните работи:

-ја следи состојбата со заштитата на правата на лицата со ментална болест,

-разгледува поплаки од лица со ментална болест и предлага мерки до надлежните органи,

-предлага мерки за подобрување на условите за сместување и грижата на лицата со ментални болести до надлежните органи,

-помага во остварувањето на правото на жалба пред надлежните државни органи,

-го следи вклучувањето во заедницата и предлага мерки до надлежните органи,

-бара стручни мислења ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на одредена состојба.

-води евиденција за својата работа.

**Член 4**

Членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата по добивањето на предлози за:

-доктор на медицина, специјалист по психијатрија предложен од Лекарската комора на Македонија;

-дипломиран психолог, специјалист по медицинска психологија, предложен од Комората на психолози на Република Македонија;

-дипломиран правник, предложен од Министерството за здравство;

-претставник на општината, предложен од Градоначалникот на општината.

Членовите на Комисијата не смеат да бидат вработени во болнички здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита на лица со ментална болест.

Мандатот на членовите на Комисијата е две години.

**Член 5**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател.

**Член 6**

Комисијата, за состојбата за остварувањето на правата на лицата со ментална болест подготвува извештај и доставува до Советот на општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-620/1
26.02.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 70 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува формирањето на Комисија за односи меѓу заедници на општина Гевгелилја, надлежноста на Комисијата, бројот, составот и начинот на работа и други прашања (Во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 2**

Комисијата се формира за разгледување на прашања за односите меѓу заедниците и дава мислење и предлози за начинот на нивно решавање.

**Член 3**

Бројот на членовите на Комисијата да соодветствува на бројот на заедниците наведени во Статутот на општината.

Комисијата ја сочинуваат по еден претставник на заедниците, кои се застапени во општината.

**Член 4**

Предлогот за избор на членови на Комисијата го утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата по претходно добиени предлози од политичките партии.

Членови на Комисијата не може да бидат членови на Советот на општината.

**Член 5**

Комисијата од редот на своите членови избира претседател.

**Член 6**

Начинот на работа на Комисијата е утврден во членот 72 од Статутот на општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-621/1 Претседател
26.02.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 52 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.02.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови и тоа:

За претседател:

-Милица Рендевска, член на Советот на опшитна Гевгелија

За членови:

-Софија Аксеновска, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Магдалена Каркалашева, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Бошко Јанов, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Тодор Сеизов, член на Советот на општина Гевгелија

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-622/1 Претседател
26.02.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 29, 30 и 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор на Јавна Општинска Установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

1.За директор на Јавна Општинска Установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, се избира лицето,

-**Нада Ристова,** со завршен Филолошки Факултет-историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Дом на култура "Македонија", Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи, решавајќи по приговорот на Миле Ничевски, изјавен против решението за избор на директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, бр.08-2147/3 од 4.12.2006 година, го укина истото и предметот го врати на повторно одлучување.

Постапувајќи по упатството на Комисијата, Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија ги разгледа двете молби доставени по повод огласот за избор на директор објавен на 16.11.2006 година.

Управниот одбор до градоначалникот на општина Гевгелија достави мислење, со кое за директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија ја предлага Нада Ристова, со завршен Филолошки факултет-историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик.

Со оглед на горенаведеното, градоначалникот на општина Гевгелија донесе Решение со кое за директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија повторно ја избира Нада Ристова, со завршен Филолошки факултет-историја на книжевностите на народите на СФРЈ со македонски јазик.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба до Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението.

Доставено до: -заинтересираните странки
-архива

Бр.08-344/5
13.02.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за избор на директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија

1.За директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, се избира лицето,

-**Тони Аврамов**, со завршен Филолошки Факултет-насока Македонска književnост и јужнословенска книжевност со македонски јазик.

2.Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев", Законот за библиотеките и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи, решавајќи по жалбата на Мери Олумчева, изјавен против решението за избор на директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, бр.08-1838/3 од 26.10.2006 година, го укина истото и предметот го врати на повторно одлучување.

Постапувајќи по упатството на Комисијата, тричлената Комисија формирана од Управниот одбор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија ги разгледа двете молби доставени по повод огласот за избор на директор објавен на 19.10.2006 година.

Комисијата констатира дека Мери Олумчева нема доставено предлог програма и потврда за работно искуство.

Имено, согласно член 12 став 4 од Законот за библиотеки ( Службен весник на РМ бр. 66/04) и член 10 став 4 и 5 од Статутот на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, кандидатот за директор задолжително поднесува Предлог-програма за работа и развој на Библиотеката и треба да има работно искуство од 5 години во дејноста.

За директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, Комисијата го предлага Тони Аврамов, со завршен Филолошки факултет, насока Македонска книжевност и јужнословенска книжевност со македонски јазик.

Со оглед на горенаведеното, градоначалникот на општина Гевгелија донесе Решение со кое за директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, повторно го избира Тони Аврамов, со завршен Филолошки факултет, насока Македонска книжевност и јужнословенска книжевност со македонски јазик.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да изјави жалба до Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението.

Доставено до:-заинтересираните странки
-архива

Бр.08-345/5 Градоначалник
13.02.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 30.1000,00 денари се доделуваат на Снежана Кадиева од Гевгелија за новородено дете.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на штедна книшка бр.4002-01-13885.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Снежана Кадиева од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за новородено дете.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 30.100,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-20/2 — Градоначалник
3.01.2007 год. — на општина Гевгелија,
Гевгелија — ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Ванчо Велков од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр.001333195-3.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Внчо Велков од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-186/2
17.01.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на Јован Јованов од Миравци за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Поштенска штедилница на штедна книшка бр.0000464439.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Јован Јованов од Миравци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 6.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-2475/2/06
17.01.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 60.000,00 денари се доделуваат на Тања Трајковска од Моин за извршување на одредени работи во ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методиј" Гевгелија.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на штедна книшка бр.8271004002-001-0001222-6

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Тања Трајковска од Моин поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за извршување на одредени работи во ЈОУ РУ "Кирил и Методиј" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 60.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-134/2 Градоначалник
15.01.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма LO во износ од 15.000,00 денари се доделуваат на Демократската партија на србите Гевгелија, за организирање на манифестацијата "Српско посело".

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка бр.200000000005812 на штедна книшка бр.000785740-8 на име Нинислав Ѓорѓевски.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Демократската партија на Србите Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за реализирање на програмски активности..

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 15.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-226/2 Градоначалник
19.01.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463110 - Трансфери Здруженија на граѓани и фондации, Програма DO во износ од 50.000,00 денари се доделуваат на Црковниот одбор на црквата "Св.Велики Маченик Димитриј" од Н.Конско, како донација за изградба на црквата.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Црковниот одбор на црквата "Св.Велики Маченик Димитриј" од Н.Конско, поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за изградба на црквата.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1042/2/06 Градоначалник
19.01.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за формирање на партиципативно тело на општина Гевгелија од областа на урбанизам .................... 8

2.Одлука за формирање Комисија за лица со нарушено ментално здравје ...... 9

3.Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците во општина Гевгелија .................... 10

4.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на општина Гевгелија .................... 11

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за избор на директор на Јавна општинска установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија .................... 11

2.Решение за избор на директор на Јавна општинска установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија .................... 12

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Снежана Кадиева од Гевгелија .................... 14

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Ванчо Велков од Гевгелија ................................................ 14

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Јован Јованов од Миравци ................................................ 15

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Тања Трајковска од Моин ................................................ 16

7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Демократската партија на Србите Гевгелија ................ 16

8.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Црковниот одбор на црквата "Св.Велики Маченик Димитриј" од Н.Конско ........................................................................................................ 17

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на ЕЛС на општина Гевгелија ("Службен гласник" наопштина Гевгелија бр.25/06), Советот на ЕЛС на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 15.03.2007 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА
## НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
## ЗА 2006 ГОДИНА

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа на Општина Гевгелија за 2006 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **207.224.033,00 денари** | **120.614.338,00 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 73.947.574,00 денари | 33.578.676,00 денари |
| Неданочни приходи | 1.920.213,00 денари | 2.143.720,00 денари |
| Капитални приходи | | 64.600,00 денари |
| Трансфери | 92.514.213,00 денари | 21.669.976,00 денари |
| Наменски дотации | 20.904.841,00 денари | 19.307.920,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 11.904.192,00 денари | 12.473.957,00 денари |
| Донации | 6.033.000,00 денари | |
| Пренесено салдо од 2005 година | | 31.375.489,00 денари |

**-Вкупно расходи 207.224.033,00 денари 110.084.161,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 207.224.033,00 денари | 110.084.161,00 денари |
| Резерви | | |

**-Салдо на 31-12-2006 10.530.177 ,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет на ЕЛС на општина Гевгелија од 7.013.246,00 денари се пренесува како приход на основниот буџет на ЕЛС на општина Гевгелија за 2007 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 505.449,00 денари се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на ЕЛС на општина Гевгелија за 2007 година и тоа ,средства за наменска дотација за корисници на буџет во износ од 308.678,00 денари и средства за наменска дотација за солидарност во износ од 196.771,00 денари.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 3.011.482,00 денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС на општина Гевгелија за 2007 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа на општина Гевгелија за 2006 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа на општина Гевгелија за 2006 година се прикажани расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа на општина Гевгелија за 2006 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-851/1
15.03.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.02.2007 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во општина Гевгелија

**Член 1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/05 и 12/05 год.) членот 8 се менува и гласи:

"Општинската администрација се организира во следните сектори:

1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Сектор за правни, административни и општи работи;

3.Сектор за финансии, буџет и локални даноци и такси;

4.Сектор за јавни дејности и локален економски развој;

5.Инспекторат-Сектор за инспекциски надзор"

**Член 2**

Членот 10 се менува и гласи:

"Во Секторот за правни, административни и општи работи се образуваат следните одделенија:

-Одделение за правни работи;

-Одделение за стручно административни и општи работи".

**Член 3**

По членот 10 се додава нов член 10а кој гласи:

"Во Секторот за финансии, буџет и локални даноци и такси се образуваат следните одделенија:

-Одделение за финансии и буџет;

-Одделение за локални даноци и такси;"

**Член 4**

Членот 16 се менува и гласи:

"Секторот за правни, административни и општи работи ги врши следните работи:

-Подготвува акти за Советот и Градоначалникот;

-Ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите комисии и други работи тела;

-Врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;

-Ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;

-Работи на управување со човечките ресурси;

-Врши информатичко-технички работи;

-Комуникација со медиумите и јавноста".

**Член 5**

Членот 18 се брише.

**Член 6**

По членот 19 се додаваат три нови членови и тоа:

**"Член 19а**

Секторот за финансии, буџет и локални даноци и такси ги врши следните работи:

-Изготвување, извршување и следење на реализацијата на Буџетот на општината ;

-Следење на реализацијта на финансиските планови на корисниците на Буџетот на општината;

-Изготвување на завршната сметка на Буџетот на општината;

-Вршење на материјално- финансиски работи;

-Спроведување и водење на евиденција на јавните набавки;

-Евиденција и осигурување на имотот на општината;

-Утврдување, евиденција и наплата на локалните даноци, такси и други давачки;

**Член 19б**

Одделението за финансии и буџет ги врши работите што се однесуваат на:

-Изработување на Буџетот и Завршната сметка на општината и други акти од областа на финансирањето на општината;

-Следи реализацијата на Буџетот на општината и на финансиските планови на корисниците на буџетот;

-Изготвува квартални извештаи за реализација на Буџетот на општината;

-Сметководствено и материјално работење;

-Евиденцијата и осигурување на имотот на општината;

-Следи и ги применува прописите за финансиското, сметководственото и материјалното работење;

-Изготвува извештаи и информации за состојбата во оваа област

**Член 19в**

Одделението за локални даноци и такси ги врши работите што се однесуваат на:

-Уртврдување и евиденција на обврзниците на даноците на имот и комуналните такси;

-Следи наплатата на даноците на имот, комуналните такси и другите давачки;

-Се грижи за извршување на присилната наплата;

-Идентификација и регистрација на имотот;

-Изготвува извештаи и информации за состојбата во оваа област ."

**Член 7**

Во членот 31а во ставот 2 зборот "финансии" се брише.

**Член 8**

Комисијата за статут и прописи да изготви пречистен текст на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Агенцијата за државни службеници.

Бр. 07-618/1 Претседател
26.02.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2006 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2006 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-848/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2006 година, го донесе следниот,

### З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2006 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-849/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија, го донесе следниот,

### З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија донесена на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлуки бр.02-93/1, 02-93/3 и 02-93/2 од 27.02.2007 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-852/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија, го донесе следниот,

### З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија донесена на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлуки бр.0103-47, 0103-46 и 0103-48 од 27.02.2007 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-853/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци донесена на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлука бр.03-57 од 23.02.2007 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-854/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 97 атав 1 алинеа 4 од Законот за основно образование ("Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 15.03.2007 година, по расправата по Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишната завршна сметка за 2006 година за буџетска сметка, сметка на наменски дотации и сметка на сопствени приходи на Општинското основно училиште "Климент Охридски" Миравци донесена на седницата на Училишниот одбор на училиштето со Одлуки бр.02-83/1, 2 и 3 од 16.02.2007 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-855/1 Претседател
15.03.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Советот ќе го одложи претресот на предлогот на одлуката ако предлагачот на одлуката, Градоначалникот или надлежната комисија и Комисијата за статут и прописи, побараат одлучувањето по амандманот да се одложи за да можат амандманот да го проучат и по него да се изјаснат.

**Член 166**

За амандманите се одлучува пред да се расправа по предлогот на одлука на која се однесува амандманот.

**Член 167**

Ако на ист член од предлогот на одлука се поднесени два или повеќе различни амандмани, за амандманите се гласа според редот по кој се поднесени.

**Член 168**

Доколку со некој од амандманите се предлага бришење на одделен член од предлогот на одлука, прво се гласа за тој амандман и ако тој амандман биде усвоен, нема да се гласа за другите амандмани на тој член.

**5.Итна постапка за донесување на одлука**

**Член 169**

Одлука може да се донесе и по итна постапка на редовна или вонредна седница на Советот.

Предлогот на одлуката што се предлага да се донесе на итна седница може да се достави на самата седница.

По итна постапка може да се донесе само одлука со која се уредуваат такви прашања за чие уредување постои вистинска и неодложна потреба и ако одложувањето на уредувањето на тие прашања би имало поголеми штетни последици.

**Член 170**

Советот отвора расправа за оправданоста на предлогот да се донесе одлука по итна постапка.

Ако Советот го усвои предлогот одлуката да се донесе по итна постапка, се пристапува кон претрес по предлогот на одлуката.

**Член 171**

Советот може пред  или во текот на претресот, да побара од Комисијата за статут и прописи, итно да поднесе свое мислење и предлози по предлогот на одлуката.

**Член 172**

На предлогот на одлуката што се донесува по итна постапка секој член на Советот може да поднесува амандмани до заклучувањето на претресот.

Ако со усвојувањето на амандманот би биле предизвикани побитни измени во текстот на предлогот на одлуката, односно ако со амандманот се ангажираат финансиски средства, задолжително ќе се побара мислење од надлежната комисија за финансиски прашања и од Комисијата за статут и прописи.

Комисијата за статут ипрописи и надлежната комисија за финансиски прашања се должни веднаш да го разгледаат амандманот и на Советот да му поднесат извештај.

**6.Јавна и стручна расправа по нацрти на прописи**

**Член 173**

Советот самостојно, на предлог на градоначалникот или кога е тоа предвидено со закон, ќе донесе заклучок за организирање јавна или стручна расправа по нацрт на одлуки и други општи акти за кои ќе се оцени дека се од особено значење за граѓаните на Општината.

**Член 174**

Кога ќе заклучи нацрт на одлука или друг акт да се стави на јавна и стручна расправа Советот ќе определи:

- нацртот на одлуката и другиот општ акт да се објават за да им бидат достапни на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- да се обезбеди собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени во текот на расправата и
- да се изготви и достави до Советот извештај за резултатите од расправата.

За извршување на задачите од став 1 на овој член Советот може да формира посебно работно тело.

Ако нацртот на одлуката и друг општ акт што се ставаат на расправа ги поднел Градоначалникот, Советот може да заклучи задачите од став 1 на овој член да ги изврши Градоначалникот или работното тело што тој ќе го формира.

**Член 175**

Нацртот на одлуката и друг општ акт што се ставаат на расправа се објавуваат во дневните весници или како посебен сепарат.

Кон нацртот на одлуката и друг општ акт се објавува и повик до граѓаните и другите заинтересирани субјекти да достават свои мислења и предлози.

Во повикот се означува кому му се упатуваат мислењата и предлозите, како и рокот до кога тие можат да се упатуваат.

Рокот за расправа не може да биде покус од 15 дена.

**Член 176**

Извештајот за резултатите од расправата ги опфаќа мислењата и предлозите што биле изнесени во расправата.

Извештајот му се доставува на предлагачот на одлуката.

Откако ќе го прими извештајот за резултатите од расправата, предлагачот на одлуката ќе изготви предлог на одлука, при што ќе ги има предвид искажувањата изнесени на седницата на Советот по нацртот на одлуката и мислењата и предлозите што биле изнесени на расправата.

Кон предлогот на одлуката, до Советот се доставува и извештај за резултатите од расправата заедно со ставовите на предлагачот на одлуката по мислењата и предлозите искажани во расправата.

**Член 177**

Во организирањето и спроведувањето на јавната расправа се остварува соработка со месните заедници, односно други облици на месна самоуправа, а во организирањето и спроведувањето на стручната расправа со стручни организации и заедници, односно здруженија на граѓани.

**7.Автентично толкување на општи акти**

**Член 178**

Барање за автентично толкување на општ акт може да поднесат членовите на Советот, 10% од избирачите во општината, јавно претпријатие кое извршува дејност на подрачјето на општината и државни органи кога потребата од автентично толкување настанала во врска со примената на актите во нивното работење.

**Член 179**

Барањето за давање автентично толкување на општиот акт се поднесува до претседателот на Советот кој веднаш барањето го доставува до Комисијата за статут и прописи.

**Член 180**

Комисијата за статут и прописи по барањето за автентично толкување има право да побара мислење од комисиите на Советот и органите на општинската администрација.

**Член 181**

Ако Комисијата за статут и прописи оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано ќе изготви предлог на автентично толкување и ќе го достави до Советот на општината, а доколку оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, Комисијата за статут и прописи за тоа ќе поднесе извештај до Советот кој одлучува по барањето и поднесениот извештај.

**8.Утврдување на пречистен текст на општи акти**

**Член 182**

Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува Комисијата за статут и прописи во рок од 30 дена од денот на објавувањето на актот во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## XI.ПРЕТРЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ, АНАЛИЗИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

**Член 183**

Претресот по анализите, извештаите и другите материјали во Советот, може да заврши со прост премин на наредната точка од утврдениот дневен ред на Советот, односно комисијата или со донесување заклучок.

## XII.ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТИ, ИЗВЕШТАИ И ГОДИШНИ СМЕТКИ

**Член 184**

Советот со решение одлучува за давање согласност или за отфрлање на барањето за давање согласност на статутот јавната служба, установа и

претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

Доколку Советот не даде согласност ќе го задложи градоначалникот и субјектот кој бара согласност на статутот да извршат усогласување на статутот по прашањата кои биле причина да не се даде бараната согласност.

**Член 185**

Статутите задолжително му се доставуваат на Градоначалникот заради давање мислење по нив, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Член 186**

На седницата на Советот на која се расправа за давање согласност на статутот на јавна служба, установа и претпријатие основано од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност се поканува и претставник на подносителот на статутот.

**Член 187**

Сатутот на кој е дадена согласност се применува од денот на донесувањето од надлежниот орган на јавната служба, установа и претпријатие основани од Општината, како и на други субјекти за кои со закон е определено Советот да дава согласност.

## XIII.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

**Член 188**

Градоначалникот има право и должност да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот без право на одлучување.

Советот до Градоначалникот доставува работни материјали за седницата во ист обем и во истите рокови како и за членовите на Советот.

**Член 189**

Градоначалникот може да определи свои претставници за седниците на Советот и комисиите.

Претставникот на Градоначалникот присуствува на седниците на Советот и комисиите и дава известувања и образложенија за предлогот на актот и за другите прашања кои се на дневен ред на седницата.

**Член 190**

Претседателот на Советот и претседателите на комисиите задолжително го известуваат Градоначалникот за закажаните седници.

## XIV.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ, УСТАНОВИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Член 191**

Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти, што ги донел Советот во рамките на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на Советот.

Советот може, со заклучок, да определи рок во кој јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, се должни да поднесат извештај.

Јавните служби, установи и претпријатија основани од Општината, можат и по сопствена иницијатива да го известуваат Советот за состојбата во соодветната област, за спроведување на политиката и за извршување на прописите и другите општи акти што ги донел Советот, како и за други прашања од својот делокруг.

**Член 192**

Советот и неговите комисии можат, во рамките на својот делокруг, да бараат јавните служби, установи и претпријатија:

- да проучат определено прашање од својот делокруг и за тоа да им поднесат извештај;
- да ги известат за состојбите и појавите од областа на својот делокруг;
- да ги известат за спроведувањето на политиката што ја утврдил Советот и за извршувањето на одлуките, другите прописи и општи акти и за одделни прашања од областа на својот делокруг;
- да изготват предлог на одлука, на друг пропис или општ акт од областа на својот делокруг и
- да им ги достават податоците со кои располагаат или што се должни во својот делокруг да ги собираат и евидентираат, како и списите и другите материјали потребни за работа на Советот и неговите работни тела.

Ако субјектот од став 1 на овој член смета дека не може да постапи по барањето на Советот и неговата комисија, ќе ги извести за тоа Советот, комисијата и Градоначалникот и ќе ги изнесе причините поради кои не може да го стори тоа.

**Член 193**

Советот и комисиите ги известуваат јавните служби, установи и претпријатија за седниците на кои ќе бидат претресувани прашања кои се однесуваат од областа на нивниот делокруг, заради учество на нивни претставници на тие седници.

**Член 194**

Раководните лица имаат право и должност да учествуваат во работата на седниците на Советот, кога на тие седници се претресува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат или друго прашање кое се однесува на областа од нивниот делокруг.

На седниците на Советот, раководните лица даваат известувања и објаснувања за прашањата што се разгледуваат, а се должни, по барање, да даваат такви известувања и објаснувања и по писмен пат.

**Член 195**

Раководните лица се должни по барање од комисиите на Советот, да учествуваат во работата на нивните седници, кога се разгледува предлог на акт со кој се уредуваат прашања што се однесуваат на делокругот на јавните служби, установи и претпријатија, со кои тие раководат.

**Член 196**

Ако раководното лице е спречено да учествува во работата на седницата на Советот или на работното тело може да определи во работата на седницата да учествува негов претставник.

## XV.СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

**Член 197**

Советот меѓусебно доставува податоци со подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа кои се потребни за остварување на функцијата, а со кои располагаат и доаѓаат во текот на работата.

**Член 198**

За проучување на одделни прашања подготвување на прописи, давање мислења и предлози, претседателот на Советот како и претседателите на работните тела на Советот држат состаноци со раководните лица на подрачните единици на министерствата и другите органи на државната управа.

Ако е потребно, во соработка со Градоначалникот на општината се држат заеднички седници на кои се заземаат одредени заклучоци.

По заклучоците од заедничките седници Советот на општината работните тела и подрачните единици на министерствата заземаат свои ставови за кои што взаемно се информираат.

## XVI.ОДНОСИ НА СОВЕТОТ СО СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

**Член 199**

Меѓусебните односи на Советот со советите на други општини се остварува во рамките утврдени со закон, Статутот на Општината и овој деловник.

Советот соработува со советите на други општини и со нив развива меѓусебни односи во остварувањето на задачите од заеднички интерес, а особено во поглед на создавањето на што поповолни услови за остварување на правата на граѓаните.

**Член 200**

Советот може да соработува со советите на општините во постапката за подготвување на прописи и други акти од заеднички интерес, заради усогласување на ставовите и изнаоѓање на заеднички организациони и други решенија за вршење на надлежностите на општините.

**Член 201**

Соработката на Советот на Општината со советите на други општини се заснова врз начелата на рамноправност и координација во сите фази на подготвување и спроведување на прописите и другите општи акти од заеднички интерес.

**Член 202**

Соработката на Советот со советите на други општини, може да се врши размена на информативни, документациони и други материјали, со формирање на заеднички работни групи за проучување на одредени прашања од интерес за општините, како и други видови на меѓусебна соработка.

## XVII.ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ ЗА СОВЕТОТ

**Член 203**

Стручните и другите работи за потребите на Советот и неговите комисии и за членовите на Советот ги врши општинската администрација.

Општинската администрација:

- учествува во подготвувањето на програмата за работа на Советот,
- учествува во подготвувањето на седниците на Советот и на работните тела,
- учествува во подготвувањето на одлуки и други општи акти и други материјали,
- им дава стручна помош на членовите на Советот,
- врши информативно-документациони работи за потребите на Советот,
- обезбедува неопходни услови за работа на членовите на Советот и
- врши административно-технички и други работи за потребите на Советот и комисиите.

## XVIII.ИЗМЕНА НА ДЕЛОВНИКОТ

**Член 204**

Иницијатива за измена на Деловникот може да поднесат членовите на Советот, комисиите, Градоначалникот и други субјекти.

По иницијативата за измена на Деловникот одлучува Советот.

**Член 205**

По прифаќањето на иницијативата за измена на Деловникот, Советот формира Комисија за деловник која изготвува нацрт на одлука за измена на Деловникот.

Нацртот на одлуката за измена на Деловникот ја утврдува Советот и со заклучок ја задолжува Комисијата за деловник да изготви предлог на одлука за измена на Деловникот, при што да ги има предвид мислењата и забелешките изнесени во расправата пред Советот и неговите работни тела.

## XIX.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 206**

Со влегување во сила на овој деловник престанува да важи Деловникот на Советот на Општината Гевгелија "Службен гласник на Општината Гевгелија" бр.6/97 год.

**Член 207**

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Гевгелија".

Бр.07-1150/1 Претседател
13.04.2007год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 3825 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Совеот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 13.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Акциониот план на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Акциониот план на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

**Член 2**

Акциониот план на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1149/1 Претседател
13.04.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 52 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.04.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови и тоа:

За претседател:

-Зоран Танев, член на Советот на опшитна Гевгелија

За членови:

-Ристо Ѓорѓиев, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Венчо Атанасов, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Милица Рендевска, член на Советот на опшитна Гевгелија

-Тодор Сеизов, член на Советот на општина Гевгелија

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1151/1 Претседател
13.04.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" б.38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување на заменик директор на Јавното претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија

1.Од заменик директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија се разрешува

**Миле Минов** Гевгелија, поради истекот на мандатот.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1106/1 Градоначалник
11.04.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за култура - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.), член 50 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05 год.) и член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за именување Вршител на должноста директор на Работната установа Работнички универзитет "Кирил и Методи" Гевгелија

1.За вршител на должноста директор на Работната установа РУ "Кирил и Методи" Гевгелија до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува,

-Атанас Крстев, со завршена Ликовна академија, вработен во Работната установа РУ "Кирил и Методи" Гевгелија.

2.Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на Работничкиот универзитет и ќе ги презема потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на Работничкиот универзитет со Законот за култура и другите законски прописи.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1158/1
16.04.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Деловник на Советот на општина Гевгелија .................................................... 44

2.Одлука за усвојување на Акциониот план на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија ........................................................................ 81

3.Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија ....................................... 81

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за разрешување на заменик директор на ЈПКД "Комуналец" ...... 82

2.Решение за именување Вршител на должноста директор на Работната установа РУ "Кирил и Методи" Гевгелија ..................................................................... 82

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2007 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во општина Гевгелија**

### Член 1

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/05, 12/05 и 3/07 год.) во членот 5 ставот 4 се брише.

### Член 2

Во членот 8 став 1 по зборот "сектори" се става запирка и додаваат зборовите "одделенија и Територијална противпожарна единица".

Во истиот член се додаваат две нови алинеи 6 и 7 кои гласат:

"6.Одделение за внатрешна ревизија

7.Територијална противпожарна единица на општината".

### Член 3

По членот 25 се додава нов член 25а кој гласи:

"Одделение за внатрешна ревизија ги врши следните работи:

-Врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатршна ревизија воспоставени од општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;

-Подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од градоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење:

-Доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до градоначалникот и Советот на општината;

-Подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатршната ревизија;

-Врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик;

-Врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;

-Ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;

-Ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината."

Членот 25а станува член 25б, а членот 25б се брише.

**Член 4**

Членот 29б се брише.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Агенцијата за државни службеници.

Бр. 07-1285/1
27.04.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2007 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за согласност за вклучување на општина Гевгелија во "Програмата за водовод и канализација на општините" финансирана со заем од KFW банката и за прифаќање на условите на заемот

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за вклучување на општина Гевгелија во "Програмата за водовод и канализација на општините", финансирана со заем од KFW банката со следните услови:

-15 години рок на враќање
-со вклучен грејс период од 3 години, и
-2% годишна камата

**Член 2**

Средствата од заемот ќе бидат наменети за реализација на Програмата за реконструкција на постојната водоводна и канализациона мрежа во општина Гевгелија преку ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, кој е краен користник на заемот и има обврска да го врати примениот заем според условите од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 07-1288/1
27.04.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03 и 46/05 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
**за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на ул."Мирче Ацев"во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на исток на ул."Мирче Ацев" во Гевгелија и износот на средства.

**Член 2**

Изградбата на пристапната улица од член 1 на оваа одлука е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2007 год.

**Член 3**

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапната улица- крак на исток на ул."Мирче Ацев" во Гевгелија се обезбедуваат во Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надоместок за одземен имот.

За надоместот од претховниот став на овој член се определуваат средства во износ од 54.000,00 денари.

**Член 4**

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експроприираниот недвижен имот,врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1286/1 Претседател
27.04.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарскис.р.***

Врз основа на член 15, а во врска со член 11 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03 и 46/05 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
**за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на исток на ул."Солунска"во Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува определување на средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на исток на ул."Солунска" во Гевгелија и износот на средства.

**Член 2**

Изградбата на пристапната улица од член 1 на оваа одлука е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2007 год.

**Член 3**

Средства за надоместот за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапната улица- крак на исток на ул."Солунска" во Гевгелија се обезбедуваат во Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште, ставка 485420-Надоместок за одземен имот.

За надоместот од претховниот став на овој член се определуваат средства во износ од 150.000,00 денари.

**Член 4**

Надоместот за експропријација од претходниот член на оваа Одлука ќе се исплати на сопствениците, односно корисниците на експроприраниот недвижен имот,врз основа на спогодба за надоместок, односно правосилна одлука на Судот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1287/1 Претседател
27.04.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 37 од Законот за култура-пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04), член 44 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.04.2007год., по расправата по Годишната програма и финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2007 год., го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Годишната програма и Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2007 година донесено на седницата на Управен одбор на Пионерскиот дом.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1289/1 Претседател
27.04.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 37.500,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф-Јуниор" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300100000030780.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф-Јуниор" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 37.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1035/2 Градоначалник
2.04.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 100.000,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300100000030780 на сметка на ФК "Кожув-Јуниор".

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 100.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-776/2 Градоначалник
12.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 230.000,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300100000030780.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 230.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1034/2 Градоначалник
2.04.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 75.000,00 денари се доделуваат на ЖРК "Гевгелија" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на жиро сметка бр.250000000058l-17.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЖРК "Гевгелија" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 75.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1044/2 Градоначалник
2.04.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на ФК "Победа" од Мрзенци за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300000000000133.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Победа" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-788/2 Градоначалник
12.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 11.800,00 денари се доделуваат на ЈОУ Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се уплатат на "Манакифилм" во Комерцијална банка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУ Дом на култура "Македонија" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 11.800,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-718/2 Градоначалник
5.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 54.993,50 денари се доделуваат на ЈОУ Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за потрошена електрична енергија.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се уплатат во Комерцијална банка на ж-ро с-ка бр.3001000000282-58 на Електростопанство на Македонија Подружница Електро Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУ Дом на култура "Македонија" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за потрошена електрична енергија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 54.993,50 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-779/2
12.03.2007год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 104.733,00 денари се доделуваат на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се уплатат во Комерцијална банка на сметка бр.300100000023408.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 104.733,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-918/2 Градоначалник
20.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Манифестацијата Вешта жена од Миравци за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се уплатат во Стопанска банка на сметка бр.001104691-3.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Манифестацијата Вешта жена поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-677/2 Градоначалник
13.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, Програма ДО во износ од 111.000,00 денари се доделуваат на Општинскиот одбор на СБМ од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се уплатат во Стопанска банка на сметка бр.2000000019970-28.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ОО на СБМ поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 111.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1066/2
4.04.2007год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Ристо Стамков од Гевгелија за издавање на историогравски труд "Гевгелиско Дојранско архиерејско намесништво".

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр.0006367906.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

## О б р а з л о ж е н и е

Ристо Стамков од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за издавање на историогравски труд.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-926/2 Градоначалник
21.03.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во општина Гевгелија ........ 84

2.Одлука за согласност за вклучување на општина Гевгелија во "Програмата за водовод и канализција на општините" финансирана со заем од KFW банката и за прифаќање на условите на заемот ........ 85

3.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на ул."Мирче Ацев" во Гевгелија ........ 86

4.Одлука за определување средства за надомест за експропријација на недвижен имот за изградба на пристапна улица-крак на исток на ул."Солунска" во Гевгелија ........ 86

5.Заклучок по Годишната програма и Финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија за 2007 година ........ 87

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ФК "Кожуф-Јуниор" Гевгелија ........ 88

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ФК "Кожуф-Јуниор" Гевгелија ........ 89

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ЖРК "Гевгелија" Гевгелија ........ 90

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ФК "Победа" Мрзенци ........ 90

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија ........ 91

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија ........ 92

7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија ........ 92

8.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Манифестацијата Вешта жена од Миравци ........ 93

9.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ОО на СБМ Гевгелија ........ 94

10.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Ристо Стамков Гевгелија ..................................................... 94

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 8.05.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2006 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2006 година , усвоен со одлука бр.02-368/4 од 24.04.2007 година на Управниот одбор на Јавното претпријатие со забелешките на истиот.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1366/1 Претседател
8.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Ако при гласањето за членови на Советот двајца или повеќе кандидати добијат ист број на гласови, и заради тоа не може да се утврди кој од нив добил мандат за член на советот, гласањето се повторува за тие кандидати.

Ако при гласањето за членови на Советот не се избере потребниот број на членови на Советот, ќе се спроведе нова постапка за избор на онолку кандидати колку не се избрани.

**б)Работа на Советот**

**Член 33**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се одржуваат по потреба.

**Член 34**

Седниците на Советот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Советот.

**Член 35**

Првата седница на новоизбранието Совет ја свикува Претседателот на Советот од претходниот состав во рок од 30 дена по одржувањето на изборите.

**Член 36**

Доколку првата седница на Советот не е свикана во рокот од претходниот член, членовите на Советот сами се состануваат и го конституираат Советот.

**Член 37**

На првата седница, Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови избира Претседател на начин определен за избор на претседател на советот на општината согласно Законто за локалната самоуправа.

До изборот на претседател на Советот со седницата раководи еден од членовите на Советот.

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

**Член 38**

Советот работи доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број негови членови.

Советот одлучува со мнозинство од присутните членови.

**Член 39**

Во случај на престанок на мандатот на член на Советот се спроведуваат дополнителни избори.

**Член 40**

Советот ги врши следните работи:

-донесува Програма и план за работа на месната заедница и доставува на општината за одобрување.

-донесува Деловник за својата работа;

-поднесува иницијатива за распишување еферендум;

-утврдува предлози за кои граѓаните одлучуваат на Собир;

-се грижи за спроведување на заклучоците на Собирот на граѓаните;

-именува членови на комисии и други тела на Советот;

-донесува одлука за свикување собир на граѓани и презема активности за нивно одржување;

-соработува со Градоначалникот, Советот на општината и други органи и организации;

-врши и други работи определени со закон, Статутот на општината и други прописи.

**Член 41**

Советот за својата работа е одговорен пред собирот на граѓаните.

**Член 42**

Претседателот на Советот на урбаната и месната заедница ги врши следните работи:

-ја претставува и застапува урбаната и месната заедница;

-се грижи за подготвување на седниците на Советот;

-ги потпишува актите и заклучоците на собирот на граѓаните како и на органите и телата на урбаната и месната заедница;

-го информира Советот за својата работа;

-се грижи за реализацијата на програмата на урбаната и месната заедница одобрена од општината;

-соработува со општинската администрација во реализацијта на надлежностите на урбаната и месната заедница;

-ги врши работите делегирани од градоначалникот на општината;

-се грижи за законитоста на работењето на урбаната и месната заедница;

**в)Работни тела на советот**

**Член 43**

За следење и разгледување на одделни прашања и појави, давање на предлози и предлагање на мерки, Советот може да формира работни тела:

-комисија за уредување на населбата;

-комисија за заштита и унапредување на животната средина;

-Комисија за јавни дејности;

-комисија за развој, унапредување на услужни дејности, занаетчиство, земјоделство и други стопански дејности и друго;

-комисија за спорт и рекреација.

Советот по потреба може да формира и други работни тела.

**Член 44**

Со актот за формирање на работните тела, се утврдува делокругот, составот и времето за кое се формираат работните тела.

**Член 45**

Работните тела за својата работа поднесуваат извештај до Советот најмалку еднаш годишно.

## 5.СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ (ИНТЕРЕСНИ) СОБИРИ

**Член 46**

Советот за разгледување на одделни прашања може да свика специјализирани собири.

Како специјализирани собири може да се свикаат:

-собир на потрошувачи и корисници на услуги;

-собир на родители;

-собир на станари;

-собир на индивидуални земјоделци;

-собир на лозари; и

-други специјализирани собири.

На специјализираните собири се разгледуваат прашања, состојби и проблеми од областите за кои е свикан Собирот.

На специјализираните собири можат да се поканат и претставници на општината, одделни подрачни единици на Министерствата и други заинтересирани органи и организации.

## IV.ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА

**Член 47**

Урбаната и Месните заедници работите од своја надлежност ги извршуваат со стручна, техничка и материјална подршка од општината.

Стручната подршка подразбира подготовка на планови, проекти и други материјали со кои урбаната и месните заедници покренуваат решавање на прашања од интерес на граѓаните на нивното подрачје.

Техничката подршка подразбира составување, обработка и умножување на материјали, употреба на технички средства и помагала за административно работење и комунаикација.

Материјалната подршка подразбира обезбедување работни простории и опрема, надоместоци за комунални давачки и материјални средства за набавка на ситен и потрошен материјал.

**Член 48**

Подршката на работата на урбаната и месните заедници се обезбедува преку државни службеници во општинската администрација задолжени за месната самоуправа.

Претставниците на месните заедници подршката ја остваруваат непосредно со државниот службеник од став 1 на овој член по претходна согласност од градоначалникот на општината.

**Член 49**

Подршката на работата се обезбедува и преку дополнителни контакти на претставниците на урбаната и месните заедници со државните службеници од општинската администрација.

Подршка се обезбедува и преку задолжително присуство на раководни државни службеници од општинската администрација на собири и седници на совет заради давање стручни појаснувања и образложенија на материјали за кои се расправа.

**Член 50**

За доверените работи од градоначалникот на претседателот на Советот целосно се обезбедуваат услови за нивно извршување.

За извршување на доверените работи од страна на градоначалникот на претседателот на урбаната и месната заедница се даваат упатства и насоки.

Вршењето на доверените работи подлежи на надзор и контрола.

## V.ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 51**

Работата на урбаната и месните заедници се финансира од:

-средствата што општината ќе им ги отстапи согласно со плановите и програмите за нивна реализација согласно Статутот на општината;

-средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

-средства што ќе ги отстапат заинтересираните правни и физички лица;

-подароци; и

-други средства.

**Член 52**

Со средствата од претходниот член се финансира:

-тековното работење на месните заедници;

-програми за финансирање на одредени активности на подрачјето на месните заедници;

-други потреби на месните заедници;

## VI.СОРАБОТКА МЕЃУ МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 53**

Урбаната и Месните заедници од подрачјето на општината остваруваат меѓусебна соработка и поврзување за остварување на заеднички цели и интереси.

Меѓусебната соработка се остварува преку:

-покренување на заеднички иницијативи до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност;

-меѓусебно договарање за единствен приод во разрешување на прашања од заеднички интерес;

-размена на искуства од своето работење.

Меѓусебната соработка се остварува со организирање на средби на претставниците на урбаната и месните заедници, заеднички седници на советите и на работните тела.

Заедничките иницијативи на урбаната и месните заедници до општината за решавање на прашања од нејзина надлежност се покренуваат со усвојување на идентичен текст на иницијативата, од страна на месните заедници.

**Член 54**

Урбаната и месните заедници од подрачјето на општината можат да соработуваат и со месните заедници од подрачјето на соседна општина.

Урбаната и мсната заедница е должна да ја извести општината за остварена соработка со месната заедница од друга општина ако соработката е остварена за прашање од надлежност на општината.

## VII.КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

**Член 55**

Урбаната и месните заедници остваруваат комуникација со општината преку присуство на нејзини претстаавници на средби со градоначалникот на општината и со претседателот на Советот.

Средбите се одржуваат по иинницијатива на претставници на урбаната и месните заедници или по иницијатива на градоначалникот на општината или советот.

Претставници на урбаната и месните заедници можат да присуствуваат на седниците на советот особено кога се расправа за прашања кои имаат допирни точки со интересите на жителите од урбаната и месната заедница.

**Член 56**

Урбаната и месните заедници редовно се информираат за седниците на Советот.

Урбаната и месните заедници по барање на Советот даваат мислење по материјалилте што се од непосреден интерес за граѓаните на урбаната и месните заедници.

## VIII.ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Член 57**

Советот е должен редовно да ги информира граѓаните за покренатите иницијативи, за прашањата за кои непосредно одлучува како и за активностите што ги презема, а што се од значење за граѓаните.

Информирањето на граѓаните се врши преку соопштенија истакнати на погодни места, преку средствата за јавно информирање или друг погоден начин.

## IX.НАДЗОР

**Член 58**

Надзор над примената на Правилната за работа на месната заедница врши општината.

## X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 59**

Со влегува во сила на овие Правила, престанува да важат Статутите и Правилата за работа донесени од урбаната и месната заедница.

**Член 60**

Овие Правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1499/1 Претседател
28.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/06, 6/02, 40/03 ,49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.05.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на Извештајот за работењето на Јавното радиодифузнопретпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година**

1. Не се дава согласност на Извештајот за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година, усвоен со одлука бр. 03/97/1 од 28.02.2007 година на Управниот одбор на Јавното претпријатие.
2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1497/1 Претседател
28.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/06, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.05.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година**

1.Не се дава согласност на Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година усвоена со одлука бр.03/97 од 28.02.2007 година на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1498/1 Претседател
28.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.05.2007 год., по расправата по Извештајот за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 год. и Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 год., го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.На Извештајот за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година и Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година не се дава согласност.

2.Да се покрене постапка за вршење контрола над материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1498/2 Претседател
28.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.05.2007 година, по расправата по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал I/ 2007 година (01.01.07-31.03.07), го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал I/ 2007 година (01.01.07-31.03.07).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1496/1 Претседател
28.05.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Правила за работа на облиците на месната самоуправа - урбаната и месните заедници во општина Гевгелија ........................................................................................ 114

2.Решение за недавање согласност на Извештајот за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година ........................................................................................................................ 124

3.Решение за недавање согласност на Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година ........................................................................................ 124

4.Заклучок по Извештајот за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година и Годишната завршна сметка за работењето на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2006 година ......................................................... 125

5.Заклучок по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал И/2007 година (01.01.07-31.03.07) ................................................ 125

6.Заклучок по Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал I/2007 година (01.01.07-31.03.07) ................................................ 126

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.06.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на Програмата за работни активности за водоснабдување и одржување на комуналната хигиена на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2007 година**

1.Не се дава согласност на Програмата за работни активности за водоснабдување и одржување на комуналната хигиена на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2007 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-406/2 од 30.04.2007 година

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1616/1 Претседател
12.06.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 8.05.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци за 2006 година**

1.Не се дава согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водовод и комуналии"Миравци" Миравци за 2006 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1617/1 Претседател
12.06.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Панде Кацарски*

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 8.05.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За недавање согласност на Финансовиот извештај ( годишната завршната сметка) за периодот 01.01. до 31.12.2006 година при Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци**

1.Не се дава согласност на Финансовиот извештај (годишната завршната смека) за периодот 01.01.-31.12.2006 година при Јавното претпријатие за водовод и комуналии"Миравци"Миравци.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1618/1
12.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Тања Трајковска од Моин за вршење на одредени работи ЈОУ Работнички уноверзитет "Кирил и Методи".

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр. 827100 4002-001-0001222-6.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Тања Трајковска од Моин поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за вршење на одредени работиза месец март и април 2007 година во ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методиј" Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1313/2 Градоначалник
2.05.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 17.600,00 денари се доделуваат на Игор Узунов од Гевгелија за реализација на проектот Фестивал на млади таленти.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка Гевгелија на жиро сметка 300102000004425.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Игор Узунов од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за реализација на проектот Фестивал на млади таленти.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 17.600,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1359/2 Градоначалник
8.05.2007 год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од

50.000,00 денари се доделуваат на Општински фудбалски сојуз Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии, локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка бр.200000002073561.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Општински фудбалски сојуз Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1080/2 Градоначалник
4.04.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 150.000,00 денари се доделуваат на КК "Кожуф" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии,локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300100000025542.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КК "Кожуф" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 150.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-933/2 Градоначалник
22.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ЛО во износ од 62.500,00 денари се доделуваат на ФК "Миравци" од Миравци за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка бр.200000003298768.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Миравци" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 62.500,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-516/2 Градоначалник
13.02.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ЛО во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Отворени забавни фудбалски школи - Македонија за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на жиро сметка бр.300000015210-93.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Отворени забавни фудбалски школи - Македонија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-819/2 Градоначалник
13.03.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 25.000,00 денари се доделуваат на Ансамблот "Бојмија" од Гевгелија за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на жиро сметка бр.250-0000001598-70.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ансамблот "Бојмија" од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 25.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-363/2 Градоначалник
1.02.2007год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 25.000,00 денари се доделуваат на КУД "Негорци" од Негорци за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка бр.2000000346630-39.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КУД "Негорци" од Негорци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 25.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-724/2
6.03.2007год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 15 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) и член 15 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма LO во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Сојузот на училишен спорт на општина Гевгелија за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии локални даноци и такси и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка бр.2000000312343-80.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Сојузот на училишен спорт на општина Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-515/2
13.02.2007год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за недавање согласност на Програмта за работни активности за водоснабдување и одржување на комуналната хигиена на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2007 година ....... 138

2.Решение за недавање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци за 2006 година ...... 138

3.Решение за недавање согласност на Финансовиот извештај (годишната завршна сметка) за периодот 1.01. до 31.12.2006 година при Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци ........ 139

**АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Тања Трајковска од Моин ................................................ 139

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Игор Узунов од Гевгелија ................................................ 140

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Општински фудбалски сојуз Гевгелија .......................... 140

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на КК "Кожув" Гевгелија ..................................................... 141

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на ФК "Миравци" од Миравци ............................................. 142

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Отворени забавни фудбалски школи Македонија ....... 143

7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Ансамблот "Бојмија" Гевгелија ..................................... 143

8.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на КУД "Негорци" од Негорци ........................................... 144

9.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година на Сојузот на училишен спорт на општина Гевгелија ..... 144

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 93, 94 став 4,109 и 110 став 2 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ"бр.36/04 и 49/04 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за формирање Штаб за заштита и спасување во општина Гевгелија

### Член 1

За раководење со силите за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди,епидемии,епизоотии,епифитотии и дрги несреќи, се формира Штаб за заштита и спасување во општина Гевгелија и се утврдува неговиот состав.

### Член 2

Штабот за заштита и спасување е дел од просторните сили за заштита и спасување што се формираат во општината.

### Член 3

Штабот за заштита и спасување се состои од:

-Командант на Штабот

-Началник на Штабот

Помошници на Началникот:

-Помошник на началникот за оперативни работи

-Помошник на началникот за хуманитарни мерки за заштита и спасување за прва медицинска помош

-Помошник на началникот за хуманитерни мерки за заштита и спасување за згрижување и евакуација

-Помошник на началникот за технички мерки за заштита и спасување од пожари

-Помошник на началникот за заштита и спасување од поплави

Помошен персонал:

-извршител-администратор

-два извршители-курир/возач

### Член 4

Лицата носители на функциите и должностите во Штабот за заштита и спасување, ќе ги именува Градоначалникот на општината, по вид и степен на образование, воена и работна обврска утврдени, со Одлуката за персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ"бр.124/06 год.).

### Член 5

Материјалниот состав на Штабот за заштита и спасување е утврден со Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.124/06 год.).

За набавка на личната опрема на припадниците на силите за заштита и спасување (Штабот) средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1800/1
28.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 93, 94 став 4 и 111 став 2 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ"бр.36/04 и 49/04 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање универзални единици за заштита и спасување во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука, поради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и дрги несреќи, се формираат универзални единици за заштита и спасување во општина Гевгелија и се утврдува нивниот број и состав.

**Член 2**

На подрачјето на општина Гевгелија, како дел од просторните сили за заштита и спасување, ќе дејствуваат:

-5 универзални единици за заштита и спасување во јачина на вод, од кои три во градот Гевгелија и по една во населените места Негорци и Миравци; и

-12 универзални единици за заштита и спасување во јачина на одделение, по една во останатите останатите населени места во општината.

**Член 3**

Со универзалната единица за заштита и спасување командува Команда на водот во состав:

-командир
-заменик командир
-извршител-возач/курир

**Член 4**

Во универзалната единица за заштита и спасување се формираат три одделенија со кој командува командир.

Во одделенијата се формираат по три екипи со следниот состав:

-водител - извршител (1)
-извршители (2)
-извршител (1)

**Член 5**

Лицата носители на должностите во универзалните единици за заштита и спасување, ќе се назначуваат по вид и степен на образование и воена и работна обврска утврдени со Одлуката за персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ"бр.124/06 год.).

**Член 6**

Командирот на универзалните единици за заштита и спасување ќе го именува Градоначалникот на општината, согласно одредбите на одлуката од членот 5 на оваа одлука.

**Член 7**

Материјалниот состав на универзалните единици за заштита и спасување е утврден со Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.124/06 год.).

За набавка на личната опрема и алати на припадниците на силите за заштита и спасување (универзалните единици) средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1801/1 Претседател
28.06.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за усвојување Етички кодекс за локалните функционери во Република Македонија

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Етичкиот кодекс за локалните функционери во Република Македонија.

**Член 2**

Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1799/1 Претседател
28.06.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПОГЛАВЈЕ I – ОПФАТ НА КОДЕКСОТ

*Член 1*

*Предмет на кодексот*

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор, како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

*Член 2*

*Значење на изразите употребени во Кодексот*

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

- *локален функционер* (во понатамошниот текст: *функционер*) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општините или градот Скопје, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;
- *локална самоуправа* ги опфаќа сите општини во Република Македонија и градот Скопје;
- *должност* ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именувана позиција, како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

## ПОГЛАВЈЕ II – ПРИНЦИПИ

*Член 3*

*Почитување на законите и актите на локалната самоуправа*

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

*Член 4*

*Приоритет на јавниот интерес и негова заштита*

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес, а не на директни или индиректни лични интереси, на интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

*Член 5*

*Одговорност и отчет пред граѓаните*

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршењето на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

*Член 6*

*Заштита на угледот на локалната самоуправа*

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

*Член 7*

*Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа*

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршењето на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

*Член 8*

*Исполнување на изборната програма и ветувањата*

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив, настојувајќи со нивното исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

## ПОГЛАВЈЕ III – КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ

### *Глава 1 – Пред преземање на должноста*

*Член 9*

*Однесување во изборните кампањи*

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

*Член 10*

*Финансирање на изборните кампањи*

Свесен за законските обврски во однос на финансирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту, пак, за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

### *Глава 2 – Извршување на должноста*

*Член 11*

*Откажување од злоупотреба на должноста*

Функционерот, свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

*Член 12*

*Спречување на коруптивно однесување*

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротивстави на секое однесување што, согласно со законите, се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали е определено однесување коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

*Член 13*

*Спречување на судир на интереси*

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има и личен или каков било друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува, тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуваат за него.

*Член 14*

*Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции*

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту, пак, да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

*Член 15*

*Примена на дискреционите овластувања*

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа, а функционерот што донел таква одлука е должен да има, и на барање да даде, детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.

*Член 16*

*Ограничување на примање и давање подароци*

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство или друга лична корист поврзана со вршењето на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

*Член 17*

*Почитување на буџетската и финансиската дисциплина*

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

***Глава 3 – По напуштањето на должноста***

*Член 18*

*Ограничување на поволности по напуштањето на должноста*

По напуштањето на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

## ПОГЛАВЈЕ IV – НАЧИНИ НА НАДЗОР

### *Глава 1 – При преземање на должноста*

*Член 19*

*Утврдување на изворите и трошоците за кампањата*

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон утврдување на изворите за финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

### *Глава 2 – Во извршување на должноста*

*Член 20*

*Пријавување на интересите*

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

*Член 21*

*Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор*

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон надзор над неговата работа.

*Член 22*

*Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување*

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

*Член 23*

*Заштита на предупредувачите*

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои, заради заштита на јавниот интерес, предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

## ПОГЛАВЈЕ V – ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

*Член 24*

*Јавност во донесувањето на одлуките*

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им

обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

## ПОГЛАВЈЕ VI – ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

*Член 25*

*Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа*

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

*Член 26*

*Почит кон вработените во локалните органи на власта*

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконски, коруптивен или неетички начин.

*Член 27*

*Унапредување на работата на локалната самоуправа*

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасно и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

## ПОГЛАВЈЕ VII – ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

*Член 28*

*Активна и пропорционална транспарентност*

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршењето на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерите или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумска покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе преземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

## ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА

*Член 29*

*Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс*

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.

*Член 30*

*Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите*

Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за преземање на должноста и започнување со нејзиното вршење.

*Член 31*

*Прифаќање на Етичкиот кодекс од кандидатите на изборите*

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.

*Член 32*

*Објавување на Етичкиот кодекс*

Во рамките на можностите, локалната самоуправа презема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел - со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.

*Член 33*

*Следење на спроведувањето па Кодексот на ниво на локалната самоуправа*

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

*Член 34*

*Следење на спроведувањето Кодексот на државно ниво*

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво, кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Врз основа на член 17 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05 год.) и член 38 став 1 точка 42 и член 79 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на членови во Партиципативното тело на општина Гевгелија од областа на урбанизмот

1.Во Партиципативното тело на општина Гевгелија од областа на урбанизмот се избираат пет члена и тоа:

-Станка Карајанова, дипл.инж.архитект од Општинската администрација

-Бошко Јанов, член на Советот на општина Гевгелија

-Ѓорѓи Пеев, дипл.инж.архитект

-Костадин Брзилов, дипл.инж.архитект

-Глигор Масенчев, дипл.инж.архитект

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1805/1
28.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, по расправата по Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.

2.Да се изработи и достави до Советот на општината писмено техничко образложение на Изведбениот проект на каналот "Рауљ".

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1802/1
28.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, по расправата по Информацијата за состојбата со вертикалната и хоризонталната сигнализација во општина Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Не се усвојува Информацијата за состојбата со вертикалната и хоризонталната сигнализација во општина Гевгелија.

2.Да се изврши ревизија на поставените лежечки полицајци и да се отстранат нестручно поставените.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1803/1
28.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2007 година, по расправата по Информацијата за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-1804/1
28.06.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување во општина Гевгелија ........ 146

2.Одлука за формирање универзални единици за заштита и спасување во општина Гевгелија ........ 147

3.Одлука за усвојување Етички кодекс за локалните функционери во Република Македонија ........ 148

4.Решение за избор на членови во Партиципативното тело на општина Гевгелија од областа на урбанизмот ........ 154

5.Заклучок по Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија ........ 155

6.Заклучок по Информацијата за состојбата со вертикалната и хоризонталната сигнализација во општина Гевгелија ........ 155

7.Заклучок по Информацијата за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија ........ 156

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 25 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 38 став 1 точка 27 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 18.07.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Одлуката за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци**

**Член 1**

Во Одлуката за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 11/05 год.) членот 2 се менува и гласи:

"Јавното претпријатие од член 1 на оваа Одлука ќе функционира како јавно претпријатие во општината, до статусните промени.

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:

"Во јавното претпријатие во рок од 60 дена по именувањето на члениви во управните органите да се изврши усогласување на статутот на претпријатието со измените на Законот за јавните претпријатија.

До изборот на новите органи треба да се именува вршител на должноста директор"

**Член 3**

Членот 4 се менува и гласи:

"Се задолжува Јавното претпријатие да изврши промена во Централниот регистар".

**Член 4**

По завршувањето на промените од член 2 и 3 на оваа одлука ќе се покрене постапка за промена на статусот на јавното претпријатие, односно истото да стане дел од ЈПКД"Комуналец"Гевгелија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2001/1
18.07.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 год.), член 14 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.45/07, 23/99 и 45/02 год.) и член 38 став 1 точка 27 од

Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 18.07.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

**Член 1**

Во Одлуката за основање Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.4/98, 4/99 и 3/00 год.) во членот 1 зборот "стопански" се брише.

**Член 2**

Членот 3 се брише.

Алтернатива на членот 3:

"Јавното претпријатие од член 1 на оваа Одлука ќе функционира како една целина без подружници".

**Член 3**

Во членот 7 став 2 зборот "и" се заменува со запирка, а по зборот "Хума" се додаваат зборовите "и Богородица".

**Член 4**

Во членот 9 зборовите "Одбор за контрола на материјално финансиското работење" се заменуваат со зборовите "Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење".

**Член 5**

Во членот 10 ставот 2 се менува и гласи:

"Во Управниот одбор, Советот на општината, согласно законот, именува и разрешува преставници од редот на афирмирани и познати стручнаци во обласа на предметот на работењето на јавното претпријатие".

**Член 6**

Членот 11 се менува и гласи:

"Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење се состои од 5 члена кои ги именува и разрешува Советот на општината.

За членови на Надзорниот одбор од став 1 на овој член согласно законот се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење".

**Член 7**

Членот 12 се менува и гласи:

"Со работата на јавното претпријатие раководи директор што го избира, односно разрешува градоначалникот на општината врз основа на јавен конкурс".

**Член 8**

Комисијата за статут и прописи да изработи пречистен текст на Одлуката за основање Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2000/1 Претседател
18.07.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 ,40/03, 49/06 и 22/07 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 18.07.2007година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија, како преставници на вработените**

1.Од членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија како претставници на вработените, поради истекот на мандатот и престанок на законскиот основ, се разрешуваат:

-Вита Мандалова
-Павле Биков

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2002/1 Претседател
18.07.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 18.07.2007 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за субвенционирање на одредени категории инвалидизирани лица при превоз на патници во општинскиот линиски превоз, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за субвенционирање на одредени категории инвалидизирани лица при превоз на патници во општинскиот линиски превоз.

По Нацрт-Одлуката да се спроведе јавна расправа.

Врз основа на предлозите и забелешките изнесени на седницата на Советот и јавната расправа да се изработи Предлог-Одлука и достави на Советот на општината.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2003/1
18.07.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 110 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04 и 49/04 год.), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 4 од Одлуката за формирање штаб за заштита и спасување во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/07 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за именување носители на функциите во Штабот за заштита и спасување во општина Гевгелија

1.За носители на функциите во Штабот за заштита и спасување во општина Гевгелија се именуваат:

За командант на Штабот:

-Зоран Танев, член на Советот на општината

За началник на Штабот:

-Саве Марачков, шумарски инженер

За помошници на Началникот:

-Митко Дојчинов, дипломиран правник - помошник началник за оперативни работи;

-Сашо Олумчев, лекар општа пракса - помошник началник за хуманитарни мерки за заштита и спасување за прва медицинска помош;

-Слободан Џониќ, ветеринарен лекар - помошник началник за хуманитарни мерки за заштита и спасување за згрижување и евакуација;

-Филип Филипов, дипл.град.инж. - помошник началник за технички мерки за заштита и спасување од пожари;

-Џоко Карaризов, дипл.хидро инж. - помошник началник за заштита и спасувње од поплави;

За помошен персонал:

-Митко Алчинов, факултет за одбрана - извршител администратор;

-Тодор Тошев, вработен во општинска администрација - за логистичко обезбедување и курир:

-Ристо Динев, вработен во општинска администрација - за возач;

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-2016/1
20.07.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.), градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци**

1.За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци се именува:

**Трипчо Димитровски**, вработен во Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци, до завршување на статусните промени во претпријатието, но не подолго од шест месеци.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 08-2017/1
20.07.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 год.) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.), градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци**

1.Од директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци се разрешува:

**Трипчо Димитровски**, досегашен директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци поради статусни промени во Јавното претпријатие..

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-2018/1
20.07.2007 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци .. 157

2.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија .................................... 158

3.Решение за разрешување на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија, како преставници на вработените .................................................................................................................... 159

4.Заклучок по Нацрт-Одлуката за субвенционирање на одредени категории инвалидизирани лица при превоз на патници во општинскиот линиски превоз ..... 159

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за именување носители на функциите во Штабот за заштита и спасување во општина Гевгелија .......................................................................................... 160

2.Решение за именување вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци ................................. 161

3.Решение за разрешување директор на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци ........................................................................... 161

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 14 став 1 точка 7 и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), и член 5-а од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр.50/97, 16/00, 17/03, 65/04 и 62/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## За субвенционирање на превозот на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува субвенционирањето на превозот на одредени категории на лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници, начинот на субвенционирање и други прашања во врска со користењето на превозот.

### Член 2

Субвенционирање на превоз во општински линиски превоз на патници ќе се врши за лица со посебни потреби од општина Гевгелија и тоа:

-лица со интелектуална попреченост
-телесно инвалидизирани лица
-лица со оштетен вид
-лица со оштетен слух
-инвалиди на трудот
-бубрежно болни лица
-инвалидски пензионери
-воени инвалиди

Евиденција на лица со посебни потреби кои се корисници на субвенцијата до општинската администрација Гевгелија и субјектите кои вршат општински линиски превоз доставуваат установите и здруженијата во кои тие членуваат.

### Член 3

Средствата за субвенционирање на годишни автобуски билети во општинскиот линиски превоз се распоредуваат на барање на социјалните установи и здруженија на граѓани во кои членуваат или се грижат за потребите на лицата со посебни потреби.

### Член 4

Ќе се субвенционира превоз што ќе го користат лицата со посебни потреби.

За лица со посебни потреби со 100% инвалидитет ќе се субвенционира превоз и за неговиот придружник.

### Член 5

Средствата за субвенционирање на превозот на лицата со посебни потреби ќе се уплатуваат на правните субјекти кои вршат општински линиски превоз.

**Член 6**

Средствата за субвенционирање на превозот на лица со посебни потреби ќе се обезбедат од Буџетот на општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2321/1<br>12.09.2007 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 23 став 1 точка 6 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Богородица за еден час**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува продолжување на работното време за еден час на угостителските објекти во Богородица.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од член 1 на оваа одлука ќе трае само за време на панаѓурот што традиционално се оржува во Богородица во деновите 20 и 21 Септември во 2007 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2322/1<br>12.09.2007год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Насо Костадинов, средна стручна спрема

-Ѓорѓе Петров, средна стручна спрема

2.Со влегување во сила на решение престанува да важи Одлуката бр.07-149/1 од 27.07.2004 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2323/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панда Кацарски с.р.***

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Горан Илиев, дипломиран економист

-Мите Марков, средна стручна спрема

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Одлуката бр.07-150/1 од 27.07.2004 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2324/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панда Кацарски с.р.***

Врз основа на член 41 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Ристо Блажев, дипломиран шумарски инженер

-Ѓорѓе Костадинов, приватен стопанственик

2.Со влегување во сила на решение престанува да важи Решението бр. 07-154/5 од 2.07.2004 година донесено од Советот на општина Миравци.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2325/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панда Кацарски с.р.***

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на РМ" бр.51/03 год.) и член 38 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа**

1.Во Одборот за контрола на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци се именуваат два члена како претставници на локалната самоуправа и тоа:

-Сашко Стоилковски, дипломиран правник

-Александар Еленски, регистриран земјоделец

2.Со влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението бр.07-154/6 од 2.07.2004 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2326/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панда Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02,40/03,49/06 и 22/07 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци**

1.Во Управниот одбор на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци"Миравци како претставници на основачот се именуваат 5 члена и тоа:

-Виктор Паласкаров, дипломиран инжинер агроном
-Перо Јакофовски, вработен во Министерство за правда ПЕ Гевгелија
-Крсто Ѓорѓиев, приватен стопанственик
-Ристо Картов, дипломиран правник
-Тихомир Ручкоманов, средна стручна спрема

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2327/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02,40/03,49/06 и 22/07год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членовите на Надзорниот одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци**

1.Во Надзорниот одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци се именуваат 5 члена и тоа:

-Златко Зумров, дипломиран економист
-Македонка Динолова, Виша економска школа
-Саве Марачков, дипломиран шумарски инженер
-Виктор Петков, дипломиран економист
-Стево Ѓошев, Виша туристичка

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2328/1 Претседател
12.09.2007год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 12.09.2007 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал II/ 2007 година (01.01.07-30.06.07год.), го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал II/ 2007 година (01.01.07-30.06.07год.).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2319/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7, а во врска со член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/06, 6/02, 40/03 ,49/06 и 22/07 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.09.2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### За давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2007 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија со подружниците

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2007 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија со подружниците.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2320/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 12.09.2007 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија (јануари-јуни 2007 година), го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија (јануари-јуни 2007 година).

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2318/1 Претседател
12.09.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 12.09.2007 година, по расправата по Информацијата за пожарите на територијата на општина Гевгелија и преземените активности за нивно локализирање го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за пожарите на територијата на општина Гевгелија и преземените активности за нивно локализирање.

2.Советот оддава признание на сите доброволци и професионални структури кои учествуваа во локализирањето и гасењето на пожарите и со своето несебично залагање и пожртвуваност спречијиа материјални штети од поголеми размери.

3.Советот на општина Гевгелија укажува на потребата од побрзо доекипирање и обука на Општинскиот штаб и универзалните единици за спречување на кризи во општината согласно одредбите на Одлуките што Советот ги усвои на својата 37-ма седница. Притоа, потребно е постојано да се ажурира проценката од можно настанување на вакви непогоди и да се утврдуваат акциони мерки за нивно спречување.

4.Советот на општина Гевгелија укажува на потребата при проекција на Буџетот на општината за 2008 година да се предвидат повеќе финансиски средства за доопремување на овие единици како и на професионалната противпожарна единица со пропишаните и потребни средства за дејствување во вакви околности.

5.Советот на општина Гевгелија бара да се активираат сите механизами во општината и Републиката од страна на надлежните органи за обезбедување на финансиски средства за обештетување на сите граѓани чии имоти се опожарени од настанатите пожари.

6.Органите надлежни за водење истрага да достават информација до Советот на општина Гевгелија за факторите кои ги причиниле пожарите кои го зафатија подрачјето на општината и за преземените мерки (санкции) доколку утврдиле дека во прашање е човечкиот фактор.

7.Правење на заштитни појаси (пресеци) околу населениете места во ширина од 15 метра кои ќе овозможат приод на ППЕ и механизацијата вклучена во гасењето на пожарите и заштита на населените места од префрлување на пожарите во населеното место. Истите заштитни појаси пред почетокот на летната сезона да се обноват и одржуват.

8.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2317/1
12.09.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

По извршената споредба со изворниот текст на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за комунални дејности"Комуналец" Гевгелија, објавена во ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.12/07 год.) се утврди дека е направена техничка грешка, поради што се дава

# И С П Р А В К А
## на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија

Во членот 2 наместо зборовите "Членот 3 се брише."да стои "Членот 3 се менува и гласи:".

Во истиот член зборовите "Алтернатива на членот 3:"се бришат.

Бр.07-2000/2
10.09.2007 год.
Гевгелија

Од Комисијата за статут и прописи
Претседател,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за субвенционирање на превозот на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници ................................. 163

2.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Богородица за еден час ........................................................................................... 164

3.Решение за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа .................... 164

4.Решение за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Напредок" од Негорци како претставници на локалната самоуправа ... 165

5.Решение за именување два члена во Управниот одбор на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа ......... 165

6.Решение за именување два члена во Одборот за контрола на Водната заедница "Петрушка Река" од Миравци како претставници на локалната самоуправа ........................................................................................................................... 166

7.Решение за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци ....................................... 166

8.Решение за именување на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" Миравци ......................................................................... 167

9.Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за квартал II/2007 година (01.01.07-30.06.07 год.) ................... 168

10.Решение за давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.06.2007 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија со подружниците ........... 168

11.Заклучок по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија (јануари-јуни 2007 година) ..................................................................... 168

12.Заклучок по Информацијата за пожарите на територијата на општина Гевгелија и преземените активности за нивно локализирање .................................... 169

13.Исправка на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатите за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија .................. 170

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 8.10.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измени и дополнување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година**

**Член 1**

Во Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) се вршат следните измени и дополнувања:

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи и тоа:** | **Буџет 2007** | **Ребаланс 2007** |
| | **210.844.145,00** | **211.733.610,00** |
| -приходи на основен буџет | 167.992.853,00 | 119.082.853,00 |
| -наменски дотации | 23.329.452,00 | 17.441.089,00 |
| -блок дотации | | 30.074.828,00 |
| -приходи од самофинансирачки активности | 19.521.840,00 | 19.521.840,00 |
| -приходи од донации | | 25.613.000,00 |
| **Вкупно расходи и тоа:** | **210.844.145,00** | **211.733.610,00** |
| -утврдени намени | 210.844.145,00 | 211.733.610,00 |

**Член 2**

Во Билансот на приходи и Посебниот дел на Билансот на расходи се вршат следните измени и дополнувања

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1.01.2007 година.

Бр.07-2567/1
8.10.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 8.10.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/06 год.) по членот 8 се додава нов член 8а кој гласи:

"Јавните установи кои се финансираат со блок дотации од Буџетот на општината се должни два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати, обрасците ПДД - МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработување јавните установи се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

По извршената контрола, согласно планираните средства во Буџетот на општината, градоначалникот на општината одделните пресметки на јавните установи ги доставува до ресорното министерство од кое се трансферира блок дотацијата. Во образецот Ф-1 јавните установи потребно е да отворат нова колона, која ќе го означува статусот на институцијата, односно ќе се стави буквата Л, што ќе означува - локална јавна установа што се финансира од буџетот на општината".

**Член 2**

Во членот 9 бројот "40,10" се заменува со бројот "44,11" и додаваат зборовите "почнувајќи од 1.09.2007 год.".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-2568/1 Претседател
8.10.2007 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/2001 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 8.10.2007 година, донесе:

## ПРОГРАМА
### *За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2007 година*

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2007 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.26/2006), во глава **IV.**"Извори за финансирање на Програмата", делот "Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:" се менува и гласи:

"Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

| | |
|---|---|
| 1. Програма Е. Општинска администрација | |
| 1.1.Потпрограма ЕА Капитални трошоци на општината | **3.713.000,00 денари** |
| 2. Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот | **18.000.000,00 денари** |
| 3.Програма Ј. Комунални дејности | **27.700.000,00 денари** |
| 4. Програма Л. Спорт и рекреација (Капитални расходи) | |
| 4.1. Потпрограма Л.А Спорт и рекреација ( Капитални расходи) | **1.500.000,00 денари** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | **50.913.000,00 денари"** |

**Член 2**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 1."Програма Е.Општинска администрација", Потпрограмата "Е А Капитални трошоци на општината", се менува и гласи:

**"Потпрограма Е А КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на проектна документација** | **500.000,00 денари** |
| 1.1.1. | Проектна документација за доградба на административната зграда на општина Гевгелија | |
| 1.1.2. | Проектна документација за реконструкција на Народниот театар во Гевгелија | |
| 2. | **Изградба на објекти** | **1.213.000,00 денари** |
| 2.1.1. | Изградба на Туристичко информативен центар во Гевгелија (монтажен објект од 40м$^2$) | |
| 3. | **Реконструкција на објекти** | **2.000.000,00 денари** |

3.1.1. Реконструкција на Пионерски дом во Гевгелија (молерофарбарски и градежнозанаетчиски работи)
3.1.2. Реконструкција на објектот на Кино "Култура" во Гевгелија (фасадерски и молерофарбарски работи)
3.1.3. Реконструкција на просториите на Одделението за урбанизам на општина Гевгелија
3.1.4. Реконструкција на ОУ во Смоквица (Изградба на санитарен јазол)
3.1.5. Реконструкција на ОУ во Милетково (градежно-занаетчиски работи)
3.1.6. Реконструкција на ОУ во Моин (градежно-занаетчиски работи)
3.1.7. Реконструкција на објект на Работнички универзитет

**Вкупно Е А 3.713.000,00 денари"**

**Член 3**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 2."Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот" во Потпрограмата "Ф 1 Урбанистичко планирање" во точката "1.Изработка на урбанистички планови", износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.500.000,00 денари".

Се додава нова подточка 1.4.9, која гласи:

"1.4.9. Урбанистички план вон населено место за м.в.Ада Мрзенци"

По зборот "Вкупно Ф 1" износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.500.000,00 денари".

**Член 4**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 2."Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот", Потпрограмата "Ф 2 Уредување на градежно земјиште", во точката "1.Договорни услуги", износот "1.000.000,00 денари", се заменува со износот "500.000,00 денари".

Во точката "2.Други оперативни расходи", износот "2.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.000.000,00 денари".

По точката "2.Други оперативни расходи", се додава нова точка 3, која гласи:

**"3. Други комунални услуги и такси 1.000.000,00 денари"**

По зборот "Вкупно Ф 2", износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "2.500.000,00 денари".

**Член 5**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 2."Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот" во Потпрограмата "Ф А Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци" во точката "1.Изработка на проектна документација", подточките: "1.1.9; 1.1.10 и 1.1.11", се бришат.

Во точката "2.Изградба на улици", износот "25.510.000,00 денари", се заменува со износот "10.000.000,00 денари", а подточките: "2.1.2; 2.1.3; 2.1.8 и 2.1.10 ", се бришат.

Во точката "4.Изградба на други објекти", износот "6.300.000,00 денари", се заменува со износот "500.000,00 денари".

Во точката "5.Надомест за одземен имот", износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.000.000,00 денари".

По зборот "Вкупно Ф А", износот "37.810.000,00 денари", се заменува со износот "14.000.000,00 денари".

**Член 6**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности" во Потпрограмата "Ј 2 Одведување и пречистување на отпадни води (одржување)" во точката "1.Одржување на канализации и одводни канали", износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.000.000,00 денари".

По зборот "Вкупно Ј 2", износот "3.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.000.000,00 денари".

**Член 7**

Во глава V."Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограма "Ј 3 Јавно осветлување" во подточката "1.1. Електрична енергија", износот "4.500.000,00 денари", се заменува со износот "6.500.000,00 денари".

Во подточката "1.2. Одржување на јавно осветлување", износот "1.400.000,00 денари", се заменува со износот "1.600.000,00 денари".

По зборот "Вкупно Ј 3", износот "6.000.000,00 денари", се заменува со износот "8.200.000,00 денари".

**Член 8**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограмата "Ј 4 Јавна Чистота", во точката "1.Расчистување и уредување на депонии", износот "700.000,00 денари", се заменува со износот "400.000,00 денари".

Во точката "2.Набавка на опрема", износот "150.000,00 денари", се заменува со износот "50.000,00 денари".

Во точката "3.Ангажирање на работници", износот "150.000,00 денари", се заменува со износот "50.000,00 денари".

По точката "3.Ангажирање на работници",, се додава нова точка 4, која гласи:

**"4. Други комунални услуги и такси 500.000,00 денари"**

**Член 9**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограмата "Ј 7 Одржување и користење на паркови и зеленило", во точката "1.Уредување и одржување на паркови и зеленило", износот "1.000.000,00 денари", се заменува со износот "700.000,00 денари".

По точката "1.Уредување и одржување на паркови и зеленило", се додава нова точка 2, која гласи:

**"2. Други договорни услуги 300.000,00 денари"**

**Член 10**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограма "Ј А Изградба на јавно осветлување" во точката "1.Изработка на проектна документација", износот "400.000,00 денари", се заменува со износот "200.000,00 денари", а подточката: "1.1.3.", се брише.

Во точката "2.Изградба на електрични инсталации", износот "3.600.000,00 денари", се заменува со износот "1.600.000,00 денари", а подточките: "2.1.1; 2.1.5 и 2.1.6" се бришат.

По зборот "Вкупно Ј А", износот "4.000.000,00 денари", се заменува со износот "1.800.000,00 денари".

**Член 11**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограма "Ј Е Изградба на простор за паркирање", во точката "1.Изградба на паркиралишта", износот "1.000.000,00 денари", се заменува со износот "500.000,00 денари".

По зборот "Вкупно Ј Е", износот "1.000.000,00 денари", се заменува со износот "500.000,00 денари".

**Член 12**

Во глава **V.**"Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот 3."Програма Ј. Комунални дејности", Потпрограма "Ј Г Изградба на системи за водоснабдување" во точката "1.Изработка на проектна документација", подточката: "1.1.4 се заменува со нова подточка која гласи:

Изготвувач:Општинска администрација и СОУ
Рок: Јануари 2008 година

5.29.Извештај за работата на комуналните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени комуналени инспектори
Рок: Април и Октомври 2008 година

5.30.Извештај за работата на сообраќајниот инспектор

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: Април и Октомври 2007 година

5.31.Извештај за работата на градежните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: Април и Октомври 2008 година

5.32.Програма за еутаназија на кучиња и мачки скитници во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2008 година

5.33.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2008 година

5.34.Информација за состојбата со објектите од областа на културата и користење на истите

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај-Јуни 2008 година

5.35.Програма за активности за заштита на објекти и одбележување настани од историско и културно значење за општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2008 година

5.36.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2007 година

Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Април 2008 година

5.37.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2008 година

Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите
Рок: Декември 2008 година

5.38.Информација за тековно одржување на градските гробишта и Програма за уредување и одржување

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Во текот на 2008 година

5.39.Информација за тековно одржување на гробиштата во населените места.

Предлагач : Градоначалник на општина
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Во текот на 2008 година

5.40.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2008 година

5.41.Информација за преземените активности за реализација на Локалниот акционен план за социјална заштита.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули 2008 година

5.42.Извештај за реализација на Програмата на советот на општина Гевгелија за 2007 година.

Предлагач и изготвувач: Претседател на Советот
Рок: Јануари 2008 година

## 6.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

6.1.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија и барање на нови решенија за долгорочно снабдување на општина Гевгелија со вода

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2008 година

6.2.Информација за можноста за снабдување со вода за пиење на населените места Негорци и Прдејци од градскиот водовод

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2008 година

6.3.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач:Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми-ПЕ Гевгелија
Рок: Април и Октомври 2008 година

6.4.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми - ПЕ Гевгелија

Рок: Април 2008 година

6.5.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2008 година

6.6.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заштита на спомениците на култура
Рок: Во текот на 2008 година.

6.7.Програма за активностите од областа на заштитата на археолошкото богатство на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач: Народен музеј
Рок: Јуни 2008 година

6.8.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2008 година

6.9.Информација за работењето на "Јужно Вардарската долина".

Предлагач и изготвувач: "Јужно Вардарската долина"
Рок: Во текот на 2008 година

6.10.Информација за инвестиционите активности во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2008 година

6.11.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2008 година

6.12.Извештај за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

Предлгач и изготвувач: Центар за социјална работа Гевгелија
Рок: Во текот на 2008 година

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3331/1
27.12.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Деловникот на Советот на општина Гевгелија

**Член 1**

Во Деловникот на Советот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/07 год.) во члено 60 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"На седницата најнапред се одлучува за итноста без претрес".

Во истиот член ставовите 3 и 4 стануваат 4 и 5.

**Член 2**

По членот 66 се додава нов член "66а" кој гласи:

"Член 66а

Членот на Советот има приоритетно право на говор доколку побара дозвола за:

-предлагање на претходно прашање или укажување на споредн предлог

-да предложи одлагање на расправата

-да предложи заклучување на расправата

-да предложи да се вратат предлозите повторно на работните тела

Ниту еден од овие процедурални предлози не смее два пати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритетно значење во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење можат да дадат предлагачот и известувачот или претседателот на работната група по чиј предлог се води расправа.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без расправа".

**Член 3**

Во член 79 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

"Претседателот на Советот ја прекинува седницата и кога тоа ќе го побара најмалку еден член на Советот - претставник на советничка група заради дополнителни консултации.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува Претседателот на Советот".

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3332/1<br>27.12.2007 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за учество на општина Гевгелија во Програмата "Форуми на заедницата"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува учеството на општина Гевгелија во Програмата "Форуми на заедницата" како и начинот и условите на учество.

**Член 2**

Во Програмата "Форуми на заедницата"општина Гевгелија ќе учествува со проекти од две области:

-Животната средина

-Културен развој на општината

**Член 3**

За учество во Програмата "Форуми на заедницата" општина Гевгелија ќе обезбеди средства во износ од 2.000.000,00 денари од Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година (односно 25% партиципација), како учество, за реализација на проектите од член 2 на оваа одлука, доколку бидат одобрени од страна на форумот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3342/1
27.12.2007 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 38 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За одржување на јавното осветлување во**
**Општина Гевгелија за 2008 година**

**I.Општи одредби**

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2008 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:

- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2.За функционирање на јавното осветлување се врши редовното одржување кое опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки;

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

**II.Одржување на јавното осветлување**

За одржување на јавното осветлување ќе се вршат контроли двапати месечно, а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1. Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

| Населено место | Вкупно |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| живини сијалици 125W | 909 |
| живини сијалици 400 W | 36 |
| натриумови сијалици 250 W | 119 |
| Гевгелија вкупно: | 1064 |
| **Негорци** | |
| живини сијалици 125 W | 100 |
| натриумови сијалици 250 W | 8 |
| Негорци вкупно: | 108 |
| **Богородица** | |
| живини сијалици 125 W | 43 |
| живини сијалици 250 W | 6 |
| Богородица вкупно: | 49 |
| **Мрзенци** | |
| живини сијалици 125 W | 36 |
| Мрзенци вкупно: | 36 |
| **Прдејци** | |
| живини сијалици 125 W | 41 |
| Прдејци вкупно: | 41 |
| **Моин** | |
| живини сијалици 125 W | 25 |
| Моин вкупно | 25 |
| **Ново Конско** | |
| живини сијалици 125 W | 23 |
| Ново Конско вкупно: | 23 |
| **Кованец** | |
| живини сијалици 125 W | 14 |
| Кованец вкупно: | 14 |
| **Серменин** | |
| живини сијалици 125 W | 13 |
| Серменин вкупно: | 13 |
| **Конско** | |
| живини сијалици 125 W | 10 |
| Конско вкупно: | 10 |
| **Смрдлива вода** | |

| | |
|---|---|
| живини сијалици 125 W | 19 |
| Смрдлива вода вкупно: | 19 |
| **Хума**<br>живини сијалици 125 W | <br>16 |
| Хума вкупно: | 16 |
| **Миравци**<br>живини сијалици 125 W<br>натриумови сијалици 250 W<br>neonski sijalici 25 W | <br>149<br>5<br>16 |
| Миравци вкупно: | 170 |
| **Милетково**<br>живини сијалици 125 W | <br>14 |
| Милетково вкупно: | 14 |
| **Петрово**<br>живини сијалици 125 W | <br>22 |
| Петрово вкупно: | 22 |
| **Смоквица**<br>живини сијалици 125 W<br>натриумови сијалици 250 W | <br>33<br>3 |
| Смоквица вкупно: | 36 |
| **Габраво**<br>живини сијалици 125 W | <br>7 |
| Габраво вкупно: | 7 |
| **Давидово**<br>живини сијалици 125 W | <br>38 |
| Давидово вкупно: | 38 |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **1705** |

2.Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| **Ред.бр.** | **Општина Гевгелија** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | **1512** |
| 2. | живини сијалици 400 W | **36** |
| 3. | Натриумови сијалици 250 W | **141** |
| 4. | Неонски сијалици 25 W | **16** |
| **Општина Гевгелија вкупно:** | | **1705** |

3. Потребни материјали за одржување на јавното осветлување за 2008 година.

| **Р.бр.** | **Име на материјалот** | **Ед.мера** | **Количина** |
|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | бр. | 900 |
| 2. | живини сијалици 250 W | бр. | 40 |
| 3. | живини сијалици 400 W | бр. | 50 |
| 4. | Натриумови сијалици 250 W | бр. | 100 |
| [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| 6. | Пригушници за надворешна монтажа 125 W | бр. | 100 |
| 7. | Пригушници за внатрешна монтажа 250 W | бр. | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Пригушници за внатрешна монтажа 400 W | бр. | 40 |
| 9. | Фасонки Е27 - порцелански | бр. | 250 |
| 10. | Фасонки Е40 - порцелански | бр. | 40 |
| 11. | кабел Р/Ф 1х1,5мм ......... | м. | 200 |
| 12. | кабел Р/Ф 1х2,5мм ........ | м. | 200 |
| 13. | кабел 3 х 1,5мм ......... | м. | 100 |
| 14. | кабел ПП 3х2,5мм ......... | м. | 200 |
| 15. | Силиконски кабел Р/Ф 1х1,5мм ......... | м. | 100 |
| 16. | Форел со оптичко око | бр. | 15 |
| 17. | Заштитно стакло | бр. | 200 |
| 18. | Комплет арматура 125 W вандарма | бр. | 70 |
| 19. | Комплет арматура 250 W натриумова | бр. | 30 |
| 20. | Комплет арматура 250 W живина | бр. | 10 |
| 21. | Ињектор за натр. сијалица 250 W | бр. | 30 |
| 22. | Електрично броило 10-40 А, 3х220 В | бр. | 3 |
| 23. | Електрично броило 10-40 А, 220 В | бр. | 3 |
| 24. | Подножје за осигурувачи 160 А | бр. | 10 |
| 25. | Осигурувачи ХБТ 00 | бр. | 50 |
| 26. | Автоматски осигурувачи 16 А | бр. | 50 |
| 27. | Контактор 63 А | бр. | 8 |
| 28. | Контактор 40 А | бр. | 15 |
| 29. | Комплет подножје за опална топка од 125 | бр. | 40 |
| 30. | Опална топка Ф-400 | бр. | 40 |
| 31. | Ампула 1500 W | бр. | 20 |
| 32. | Ампула 500 W | бр. | 20 |
| 33. | Топка Ф 500/160 | бр. | 50 |
| 34. | Фланша комплет за 125 | бр. | 50 |
| 35. | Метал халогена рефлектор 400 W | бр. | 10 |
| 36. | Метал халогена сијалица 400 W | бр. | 20 |
| 37. | Метал халогена сијалица 1000 W | бр. | 20 |
| 38. | Метал халогена сијалица 1500 W | бр. | 20 |
| 39. | Упаљач за метал халогена сијалица 250-400 W | бр. | 20 |
| 40. | Фасонки за рефлектор со метал халогена сијал. | бр. | 30 |
| 41. | Сијалици 100 W | бр. | 80 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки.

Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија на јавен тендер

**III.Електрична енергија за јавно осветлување**

Потрошувачката на електрична енергија во 2007 година, изнесува 110.572 кWh во просек месечно односно за цела година 1.326.864 кWh.

Според податоците од Подружницата на EVN-Гевгелија вкупниот број на



- домаќинства 8286 , за кои комуналната такса изнесува 89.50 денари;

- правни субјекти 1163, за кои комуналната такса изнесува 179,00 денари.

**IV.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година од Програмата Ј3 и тоа:

- за потрошена електрична енергија7.200.000,00 денари;
- за материјали за одржување на јавното осветлување и монтажа 2.000.000,00 денари; и
- други оперативни расходи 100.000,00 денари.

Вкупно средства за реализација 9.300.000,00 денари.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општината.

**V.**Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-3339/1<br>27.12.2007 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/2001), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ"бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 27.12.2007 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2008 година**

ВОВЕД

Со оваа Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2008 година, се уредува:

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;
- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

**I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ**

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија кое е опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија и Деталните урбанистички планови,

градежното земјиште во населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода, за кои е донесена Урбанистичка документација за населено место односно Урбанистички план за село, просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, како и просторите надвор од населените места за кои има донесено Урбанистички план вон населено место.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира следново :

### II.1. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II.2. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште се врши со цел да се опреми земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета:
- Изработка на елаборати за експропријација;
- Решавање на имотно-правните односи со сопственици на земјиштето;
- Решавање на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станарско право на објектите кои се рушат;
- Уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти од комунална инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.



### III.1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната

**инфраструктурата надвор од градежната парцела**

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичките планови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

**III.2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела**

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:

- Проектирање и изградба на приклучок на водоводната мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- Проектирање и изградба на приклучок на фекалната канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферската канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонската електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти), а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води; и
- Друго.
-

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште во општина Гевгелија се :

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Комунални такси;



Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на општина Гевгелија за 2008 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по програми и потпрограми се следните:

1. Програма Е. Општинска администрација

1.1.Потпрограма ЕА Капитални трошоци на општината **3.500.000,00 денари**

2. Програма Ф. Урбанистичко планирање и уредување на просторот **22.000.000,00 денари**

3. Програма Ј. Комунални дејности (Капитални расходи)**19.000.000,00 денари**

4. Програма Л. Спорт и рекреација (Капитални расходи)

4.1. Потпрограма Л.А Спорт и рекреација (Капитални расходи) **1.500.000,00 денари**

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 46.000.000,00 денари**

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежното земјиште се прикажани во следните програми и потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

### 1. ПРОГРАМА Е. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Потпрограма Е А КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

1. **Изработка на проектна документација** **200.000,00 денари**
   и. Проектна документација за реконструкција на Народниот театар во Гевгелија
2. **Реконструкција на објекти** **3.300.000,00 денари**
   2.1.1. Реконструкција на просториите на Одделението за урбанизам на општина Гевгелија
   2.1.2. Реконструкција на објект на Работнички универзитет
   2.1.3. Реконструкција на Дом на Култура (административни простории-барака)
   2.1.4. Реконструкција на Народниот театар во Гевгелија
   2.1.5. Реконструкција на СОУ "Јосиф Јосифовски"Гевгелија (замена на столарија, санација на покривна конструкција на спортска сала)
   2.1.6. Реконструкција на ОУ "Владо Кантарџиев"Гевгелија (замена на столарија, спортска сала)
   2.1.7. Реконструкција на ОУ "Крсте Мисирков"Гевгелија (санација на санитарни јазли, ограда)



   2.1.9. Реконструкција на ОУ "Ристо Шуклев"Негорци (санација на столарија)
   2.1.10. Реконструкција на ПОУ во Богородица (дел од фасада)

2.1.11. Реконструкција на ПОУ во Прдејци (санација на санитарни јазли)
2.1.12. Реконструкција на ПОУ во Моин (столарија)
2.1.13. Реконструкција на Културни и Младински домови во населените места

**Вкупно Е А 3.500.000,00 денари**

## 2. ПРОГРАМА Ф. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Потпрограма Ф 2** **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

1. **Други комунални услуги и такси** **1.000.000,00 денари**
   - 1.1.1. Други комунални услуги и такси (Договори со правни лица за определени ископи, одвоз и превоз и др. )
   - 1.1.2. Рушење на објекти (дивоградби, по основ на експропријации и др.)
2. **Договорни услуги** **500.000,00 денари**
   - 2.1.1. Други договорни услуги (Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи)
3. **Други оперативни расходи** **1.000.000,00 денари**
   - 3.1.1. Други оперативни трошоци (Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, објавување на огласи и др.)

**Вкупно Ф 2 2.500.000,00 денари**

**Потпрограма Ф А** **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ**

1. **Изработка на проектна документација** **500.000,00 денари**
   - 1.1.1. Проектна документација за ново Градско пазариште во Гевгелија
   - 1.1.2. Проектна документација за нова Автобуска станица во Гевгелија
   - 1.1.3. Проектна документација - Главен проект за Мултифункционален јавен објект (библиотека)
   - 1.1.4. Проектна документација за изградба на улица од Мрзенски пат кон винарска визба “Риго Импекс“
   - 1.1.5. Проектна документација за изградба на Летна сцена во Гевгелија
2. **Изградба на улици** **10.000.000,00 денари**



   - 2.1.2. Изградба на улици во 7-ма УЕ во Гевгелија
   - 2.1.3. Изградба на улица од Мрзенски пат кон Винарска визба “Риго Импекс“

- 2.1.4. Сообраќајно поврзувување на “Бул. Гевгелија” со ул.“Б. Кидрич”
- 2.1.5. Продолжување на ул."Серменинска"
- 2.1.6. Продолжување на ул.”Илија Миов” до ул.“Мечкин Камен"
- 2.1.7. Улици во Миравци ("Вељко Влаховиќ", "Партизанска", "Елена Минчева", "Моша Пијаде", "Сава Михајлов")
- 2.1.8. Улици во Негорци
- 2.1.9. Улици во Богородица
- 2.1.10. Улица во Давидово

**2.2. Бетонирање на улици**

- 2.2.1. Улица зад Станбен блок во центарот на градот
- 2.2.2. Улица ”Маршал Тито”-крак кон север
- 2.2.3. Улица ”Моински пат”-крак кон север
- 2.2.4. Улица ”Титоградска”-крак кон север
- 2.2.5. Улица ”Солунска”-крак кон исток
- 2.2.6. Улица ”Гоце Делчев”- крак кон север
- 2.2.7. Улица ”Ѓоко Тутушев”-крак кон запад и крак кон исток
- 2.2.8. Улица ”Петар Мусев”-крак кон запад
- 2.2.9. Улица ”Ѓорѓи Стамов” - крак
- 2.2.10. Улица "Ристо Фршинин" крак на југ
- 2.2.11. Улица "Г. П.О" крак кон исток (Дичо Панов)
- 2.2.12. Улица "Мирче Ацев" крак кон запад
- 2.2.13. Улица "Партизанска"- крак
- 2.2.14. Улица "Железничка"- крак
- 2.2.15. Улица "Скопска"-крак на север кон ОУ"К.Мисирков"
- 2.2.16. Улица "Никола Карев"-крак на север
- 2.2.17. Улици и краци во Негорци
- 2.2.18. Улици и краци во Миравци
- 2.2.19. Улици во Моин (недовршен дел)
- 2.2.20. Улици во Н.Конско

**2.3. Изградба на тротоари**

- 2.3.1. Тротоари на “Моински пат" до локалитет "Динќут"
- 2.3.2. Тротоари на “Булевар Гевгелија“
- 2.3.3. Тротоари на ул. “Сава Михајлов"
- 2.3.4. Тротоари на ул. “Танче Камберов"
- 2.3.5. Тротоари на други улици

**3. Реконструкција на улици 3.000.000,00 денари**

- 3.1.1. Булевар Гевгелија од семафори до крстосница со ул."Деко Ковачев"
- 3.1.2. Улица "Маршал Тито"
- 3.1.3. Улица "Ѓоко Тутушев"
- 3.1.4. Улица "Мирче Ацев"
- 3.1.5. Улица "Македонија"



- 3.1.7. Улици во Негорци (улица кон патот за Серменин)
- 3.1.8. Улици во Миравци

**4. Изградба на други објекти 3.000.000,00 денари**

4.1.1. Регулација на коритото на "Сува Река"
4.1.2. Регулација на коритото на "Мрзенска река" во делот покрај урбани средини

5. **Надомест за одземен имот 3.000.000,00 денари**

5.1.1. "Булевар Гевгелија"-(Западен)
5.1.2. Ново Градско пазариште
5.1.3. Објект на ул."7-ми Ноември" пред влезот на пазарот
5.1.4. Продолжение на ул."Илија Миов"до ул."Мечкин Камен"
5.1.5. Улици во 7-ма УЕ
5.1.6. Улица "Солунска"-крак исток
5.1.7. Улица "Митко Зафиров" - крак југ
5.1.8. Улица "Нова" (продолжување на ул. "Серменинска")
5.1.9. Улица "Скопска" - крак на север
5.1.10. "Булевар Гевгелија" до 9-та УЕ
5.1.11. Куќа во дворно место на "Детска Радост"
5.1.12. Куќа во дворно место на Гимназијата
5.1.13. Куќа до градско пазариште

**Вкупно Ф А 19.500.000,00 денари**

## 3. ПРОГРАМА Ј. КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)

### Потпрограма Ј А ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

1. **Изработка на проектна документација 200.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на Моински пат до и на локалитетот "Динќут"
1.1.2. Проектна документација за изградба на електрична инсталација на Моински пат -крак инд.зона
1.1.3. Проектна документација за улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
1.1.4. Проектна документација за улично осветлување во населба "Касарна"
1.1.5. Проектна документација за осветлување на стариот дел од автопатот со новиот автопат (влез и излез од Гевгелија)
1.1.6. Проектна документација за улично осветлување на улици и делови од градот каде не постои улично осветлување

2. **Изградба на електрични инсталации 1.800.000,00 денари**

2.1.1. Изградба на улично осветлување на Моински пат до локалитетот "Динќут" вклучувајќи го и целиот локалитет
2.1.2. Изградба на улично осветлување во 7-ма УЕ во Гевгелија
2.1.3. Изградба на улично осветлување во населба "Касарна"



2.1.5. Изградба на електрична инсталација во југозападна сервисна зона

2.1.6. Изградба на трафостаници
2.1.7. Изградба на електрична инсталација северно од "Бул. Гевгелија"
2.1.8. Изградба на улично осветлување во Миравци
2.1.9. Изградба на улично осветлување во Негорци
2.1.10. Изградба на улично осветлување во Мрзенци
2.1.11. Изградба на улично осветлување во Смоквица
2.1.12. Изградба на улично осветлување во Милетково
2.1.13. Изградба на улично осветлување во Кованец
2.1.14. Изградба на улично осветлување во локалитет “Смрдлива Вода”

**Вкупно Ј А 2.000.000,00 денари**

**Потпрограма Ј Е ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

**1. Изградба на паркиралишта 500.000,00 денари**
1.1.1. Изградба на паркинзи во Гевгелија

**Вкупно Ј Е 500.000,00 денари**

**Потпрограма Ј Г ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**1. Изработка на проектна документација 500.000,00 денари**
1.1.1. Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија
1.1.2. Проектна документација за изградба на водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на југозападниот дел од градот
1.1.3. Проектна документација за изградба на водоводна линија за продолжетокот на Западниот Булевар
1.1.4. Проектна документација за поврзување на Негорци и Прдејци со регионалниот водовод
1.1.5. Проектна документација за поврзување на Смоквица со водовод Миравци
1.1.6. Проектна документација за изградба на нов резервоар за вода во Моин
1.1.7. Проектна документација за водоснабдување на Петрово
1.1.8. Проектна документација за водовод во Смрдлива вода

**2. Изградба на капацитети за водоснабдување 3.000.000,00 денари**
2.1.1. Изградба на водовод во индустриска зона “Блокотехна”
2.1.2. Изградба на водовод во 7-ма УЕ



2.1.4. Изградба на водоводна линија на продолжетокот на Западниот Булевар
2.1.5. Изградба на водоводна линија северно од Булевар Гевгелија

2.1.6. Изградба на водовод во југозападната сервисна зона
2.1.7. Изградба на постројка за подобрување на квалитетот на водата за пиење
2.1.8. Опремување на лабораторија за контрола на квалитетот на водата за пиење
2.1.9. Изградба на водовод во Моин (Резервоар)
2.1.10. Поврзување на Негорци и Прдејци со регионалниот водовод и проширување на водоводна мрежа во Прдејци
2.1.11. Поврзување на водоводот во Богородица со цевоводот кон Стојаково
2.1.12. Доизградба на системот за водоснабдување на Н.Конско
2.1.13. Изградба на водовод во Петрово

**3. Реконструкција на капацитети за водоснабдување 2.000.000,00 денари**

3.1.1. Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија
3.1.2. Реконструкција на водоводна мрежа во Миравци

**Вкупно Ј Г 5.500.000,00 денари**

**Потпрограма Ј И ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**1. Изработка на проектна документација 1.000.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за изградба на Пречистителна станица Негорци
1.1.2. Проектна документација за изградба на фекална канализациона линија и атмосферска канализација за продолжетокот на Западниот Булевар
1.1.3. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар)
1.1.4. Проектна документација за изградба на фекална канализација покрај Моински пат
1.1.5. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. “7-ми Ноември“ (Водна заедница-семафори)
1.1.6. Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. ”7-ми ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")
1.1.7. Ревизија на проектна документација за каналот "Рауљ
1.1.8. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Моин



1.1.10. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Смоквица
1.1.11. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Давидово

1.1.12. Проектна документација за изградба на фекална канализација во Хума

**2. Изградба на пречистителни станици, колектори 5.000.000,00 денари**

**2.1. Колектори, фекални канализации и пречистителни станици**

2.1.1. Колектор до пречистителна станица

2.1.2. Фекална канализација долж патот Гевгелија-Мрзенци-Негорци од Мрзенци кон Гевгелија (поврзување со градската канализација);

2.1.3. Фекална канализација во Индустриска зона ”Блокотехна"

2.1.4. Довршување на фекалната канализација во 7-ма УЕ

2.1.5. Изградба на фекална канализациона линија на продолжетокот на Западниот Булевар

2.1.6. Довршување на фекалната канализација во Богородица

2.1.7. Реконструкција на канализациона линија на ул."Ристо Чавдаров"во Гевгелија

2.1.8. Довршување на фекалната канализација во Негорци

2.1.9. Изградба на фекална канализација Прдејци

2.1.10. Фекална канализација во Смрдлива вода

**3. Изградба на други објекти 2.000.000,00 денари**

**3.1. Атмосферски канализации**

3.1.1. Атмосферска канализација на ул. ”Јанко Урдинов”

3.1.2. Атмосферска канализација на ул. ”7-ми Ноември” (од Водна заедница до семафори)

3.1.3. Атмосферска канализација на ул. ”7-ми Ноември” (од ул."Н.Карев" до каналот "Рауљ")

3.1.4. Изградба на атмосферска канализација за продолжетокот на Западниот Булевар

**3.2. Одводни канали**

3.2.1. Продолжување на изградбата на одводен канал "Рауљ" по извршена Ревизија на Главниот проект

**Вкупно Ј И 8.000.000,00 денари**

**Потпрограма Ј К ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Набавка на градежни машини и возила за комунална хигиена**

**1.1. Машини за изградба 500.000,00 денари**

1.1.1. Набавка на градежна машина

**1.2. Купување на други машини 1.500.000,00 денари**

1.2.1. Набавка на возило за комунална хигиена



**Потпрограма Ј Н УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Изработка на проектна документација 50.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за поставување урбана опрема

**2. Изградба на објекти 500.000,00 денари**

2.1.1. Изградба на фонтани

**3. Набавка на урбана опрема 450.000,00 денари**

3.1.1. Набавка и монтирање на клупи, корпи за отпадоци, табли со натписи, часовници и друга урбана опрема

**Вкупно Ј Н 1.000.000,00 денари**

## 1. ПРОГРАМА Л. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

**Потпрограма Л А СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)**

**1. Изработка на проектна документација 500.000,00 денари**

1.1.1. Проектна документација за СРЦ Касарна

1.1.2. Проектна документација за локалитет "Динќут"

1.1.3. Проектна документација за изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија

**2. Изградба на спортски објекти 500.000,00 денари**

2.1.1. Изградба на спортски и детски игралишта во општина Гевгелија

**3. Реконструкција на спортски објекти 500.000,00 денари**

3.1.1. Реконструкција на ракометно и кошаркарско игралиште и соблекувални на градски стадион

3.1.2. Реконструкција на локалитет "Динќут"

**Вкупно Л А 1.500.000,00 денари**

**Рекапитулација на расходите:**

| | |
|---|---|
| **Програма Е Општинска администрација** | **3.500.000,00 ден.** |
| Потпрограма Е А Капитални трошоци на општината | 3.500.000,00 ден. |
| **Програма Ф Урбанистичко планирање и уредување на просторот** | **22.000.000,00 ден.** |
| Потпрограма Ф 2 Уредување на градежно земјиште | 2.500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ф А Уредување на градежно земјиште - (Капитални расходи) | 19.500.000,00 ден. |
| **Програма Ј Комунални дејности** | **19.000.000,00 ден.** |
| Потпрограма Ј А Изградба на јавно осветлување | 2.000.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Е Изградба на простор за паркирање | 500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј Г Изградба на системи за водоснабдување | 5.500.000,00 ден. |
| Потпрограма Ј И Изградба на системи за одведување и | |



| | |
|---|---|
| Потпрограма Ј Н Урбана опрема (Капитални расходи) | 1.000.000,00 ден. |
| **Програма Л Спорт и рекреација** | **1.500.000,00 ден.** |

Потпрограма Л А Спорт и рекреација-Капитални трошоци 1.500.000,00 ден.

**ВКУПНО РАСХОДИ: 46.000.000,00 ден.**

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### VI.1. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште според Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.80/01 год.) може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

-Основен степен на уреденост според претходно споменатиот правилник преставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа, водоводна мрежа и фекална канализација.

-Повисок степен на уреденост преставува опременост на земјиштето покрај со објектите на основниот степен и плус еден или повеќе други објекти од останата инфраструктура и тоа: ПТТ мрежа; улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови; атмосферска канализација; улично осветлување; топлификациона мрежа; гасоводна мрежа и пречистителна станица за отпадни води.

-Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен се смета за понизок степен на уреденост.

За деловни и производни објекти, кои се големи потрошувачи на електрична енергија, општината не е должна да обезбеди електрична енергија со поголема моќ, освен електрична енергија со моќност доволна за изведување на градежните работи.

Трошоците за уредување на градежно земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на корисната (нето) површина на објектот што ќе се гради, која е збир на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножена со соодветните коефициенти утврдени во Правилникот и утврдените трошоци за одделните степени на уреденост на градежното земјиште:



- станбени простории со висина до 2,5м 0,1
- лоѓија, балкони 0,2

- помошни простории, остава за гориво,
котлара, трафостаница во објект, визба 0,3
- гаражи 0,1

2.Деловни, јавни и производни објекти
- простории 1,0
- магацини, простории во визба 0,4
- гаражи 0,1

3.Други објекти
- катна гаража 0,2
- спортски покриени објекти 0,4
- отворени пазаришта 0,2

Во корисна нето површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, скали, тремови, ниши на врати, натсрешници, базени, отворени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште по м2 нето корисна површина изнесува:

<u>За градот Гевгелија</u>

*<u>1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште.</u>*

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за градот Гевгелија, изнесува:

| | |
|---|---|
| 1.1. Станбени објекти | 1.500,00 ден./$м^2$ |
| 1.2. Деловни и јавни објекти | 2.500,00 ден./$м^2$ |
| 1.3. Производни (индустриски) објекти | 1.000,00 ден./$м^2$ |
| 1.4. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) | 6.200,00 ден./$м^2$ |

*<u>2.Понизок степен на уреденост на градежното земјиште.</u>*

Надоместокот од претходниот став ќе се намали ако нема еден од објектите на комуналната инфраструктура што го сочинуваат основниот степен во зависност од неговото процентуално учество во трошоците за основен степен на уреденост на градежното земјиште и тоа:

- за непречен пристап до градежна парцела од јавен пат 50%
- за електрична мрежа 20%
- за водоводна мрежа 15%
- за канализациона мрежа 15%
-

*<u>3. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште.</u>*

Надоместокот за основниот степен на уреденост ќе се зголеми доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останата инфраструктура и тоа за:

- за улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови 20%



- за атмосферска канализација 10%

Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

<u>Населени места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица и Прдејци</u>

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица и Прдејци, изнесува:

1.1. Станбени објекти 750,00 ден./м$^2$
1.2. Деловни и јавни објекти 1.250,00 ден./м$^2$
1.3. Производни (индустриски) објекти 500,00 ден./м$^2$
1.4. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м$^2$.

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

<u>Туристички локалитет Смрдлива Вода</u>

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, според претходно наведените критериуми изнесува:

1.1. Викенд куќи 1.500,00 ден./м$^2$
1.2. Деловни и јавни објекти 2.500,00 ден./м$^2$

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

<u>За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место</u>

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место, според претходно наведените критериуми, изнесува:

1.1. Деловни и јавни објекти 5.000,00 ден./м$^2$
1.2. Производни (индустриски) објекти 3.000,00 ден./м$^2$
1.3. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200,00 ден./м$^2$.

Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Одредбите од овој поднаслов се применуваат на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а кои поминуваат низ подрачјето на



**VI.2. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместок за уредување на градежно земјиште се утврдува со пресметка, по што се склучува Договор со инвеститорот за регулирање на начинот на плаќање на надоместокот.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ  одеднаш,  за што се одобрува попуст од 10% на пресметаниот износ, или може да го платат на рати, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Надоместокот на рати може да се плати на начин што 50% од износот се плаќа веднаш, а останатите 50% најмногу до 6 еднакви месечни рати, со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Инвеститорите - правни лица, можат да вршат плаќање на рати само доколку износот на пресметаниот надоместок е повисок од 500.000,00 денари, со тоа што 50% од износот треба да го платат веднаш, а останатите 50% најмногу до 6 еднакви месечни рати, со задолжително  обезбедување на плаќањето со Банкарска гаранција или друго средство за обезбедување.

Конечното Одобрение за градење, Одделението за урбанизам ќе го издаде по целосната исплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

## VII.  ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

## VIII.  ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата ја извршува Градоначалникот на општина Гевгелија, по утврдените приорити.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”, а ќе се применува сметано од 01.01.2008 година.

Бр.07-3335/1<br>27.12.2007 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002, 68/2004 и 31/2006) и член член 38 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија (“Службен гласник на општина Гевгелија” бр.25/2006), Советот  на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 27.12.2007 година, донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2008 година

**I.**

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2008 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

**II.**

Висината на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици, се утврдуваат во износ од 18.800.000,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

5. Трансфери од владини институции, и тоа од:

